Бранко ПАНОВ

# ШТИП И БРЕГАЛНИЧКАТА ОБЛАСТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК (VI — КРАЈОТ НА XII ВЕК)

## I

Во периодот од II до V век одделни словенски племиња движејќи се и раселувајќи се од својата стара прататковина (територијата меѓу Балтичкото Море, Карпатите и реките Днепар и Днестар) успеале густо да ги пословенат областите од левата страна на реката Дунав[1]. Од крајот на V век реката Дунав станала природна граница меѓу Византија и словенскиот свет. За тоа известува и Прокопиј Кесариски, кога наведува дека Словените и Антите — двете главни групи словенски племиња[2] — во „дамнешни времиња" на кои дури и името „им било исто", зашто и едните и другите „се викале Спори", бидејќи „спорадично го населувале земјиштето", успеале да го словенизираат „поголемиот дел од другитот брег на Истар (Дунав)"[3]. Од овој период словенизираните заддунавски области современиците почнале да ги именуваат како „Склавинии"[4].

Од крајот на V век датираат и првите словенски напади на Балканскиот Полуостров, меѓутоа тие биле неорганизирани и немасовни[5].

[1] За тоа најнови искажувања, види: В. В. Седов, Происхождение и ранная история славян. Москва 1979, стр. 29 и сл.; Ю. В. Бромлей, В. Д. Королюк, Славяне и волохи в Великой переселении народов и феодализация Центральной и Юго-восточной Европы. — Во кн.: Юго-Восточная Европа в епоху феодализма. Кишињев 1973. стр. 24 и сл.; В. Д. Королюк, Е. П. Наумов, Перемещение славян в Юго-восточной Европе и формирование народностей. — Во кн.: Комплексные проблемы истории и культуры народов Центральной и Юго-восточной Европы. Москва 1979, стр. 40 и сл.

[2] Вид. за нив: В. В. Седов, Происхождение и ранная история славян, стр. 7 и сл.; сп. и П. Н. Третьяков, Востачнославянские племена. Москва 1953, стр. 153 и сл.

[3] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. I. Изд. на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, Скопје 1981, стр. 20.

[4] Византиски извори за историју народа Југославије, I. Београд 1955, стр. 125, 177 и бел. 7.

[5] Вид.: М. С. Авербух, Войны и народонаселение в докапиталистических обществах. Москва 1970, стр. 98 и сл.

До помасовни и посистематски словенски движења и пљачкосувања на Балканот дошло при крајот на владеењето на императорот Анастасиј I (491—518), кога Словените се наложиле и како голема опасност за Византија. Таа посебно ја почувствувала словенската опасност во 517 година, кога, според известувањето на латинскиот хроничар Комес Марцелин, биле опљачкани „двете Македонии и Тесалија од гетските (словенски) коњаници, кои пљачкосувале дури до Термопилите и Стариот Епир"[6].

Од овие словенски напади секако била засегната и Брегалничката област. Тогаш Византија го имала приклучено овој македонски крај кон провинцијата Македонија II (Macedonia Sekunda), чијшто главен град бил Стоби[7]. Оваа провинција, заедно со другата македонска провинција (Macedonia Prima) биле вклучени во рамките на префектурата Илирик (Prefectura pretorio per Iliricum), чијшто главен град бил Солун[8]. Во рамките на провинцијата Македонија II во тоа време влегувале повеќе градски населби, кои егзистирале по текот на реката Брегалница, од кои засега, од изворите, се познати Баргала, Келендин, Армонија и Запара[9].

Во следната, 518 година, овие како и другите соседни македонски градски и селски населби биле погодени од катострофален земјотрес[10]. Меѓутоа, големи човечки жртви немало, бидејки, како што известува Комес Марцелин, жителите ги напуштиле своите домови уште пред тоа, поради стравот од Варварите, т.е. Словените кои се враќале од својот поход кон внатрешноста на Балканот[11].

За време на владеењето на Јустин I (518—527) заддунавските Словени продолжиле да ја минуваат реката Дунав и да навлегуваат во византиските владенија на Балканот. За тоа говори и современикот, писателот-историчар, Прокопиј Кесариски, кога наведува дека Антите „минувајќи го Истар (Дунав) со голема војска се втурнале во ромејската земја"[12]. Дали од овие тогашни словенски продори бил засегнат и Брегалничкиот крај не е можно да се дознае од расположиливите изворни податоци.

---

[6] Латински извори за българската история, I. София 1958, стр. 316.

[7] Вид.: Й. Иванов, Северна Македония .София 1906, стр. 59; Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба. Скопје 1957, стр. 92 и сл.; Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку. — Зборник радова Византолошког института, XIX. Београд 1980, стр. 19 и бел. 9а—б.

[8] Вид.: Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1969, стр. 55—56; сп. и Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, стр. 87 и сл.; Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, стр. 19 и сл.

[9] Вид. Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, стр. 93; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 72 и сл.; А. Керамитчиев, Злетивска област (Археолошки осврт). — Во кн.: Злетовска област. Скопје 1974, стр. 146 и сл. ;Б. Алексова, Баргала-Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања. — Гласник на Институтот за национална историја, XI/3. Скопје 1967, стр. 9 и сл.

[10] Вид. Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, стр. 25.

[11] Латински извори за българската история, I, стр. 316; сп. и Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, стр. 23 и бел. 27.

[12] Документи, I, стр. 22 и бел. 28, каде е дадена исправка на текстот; сп. и История Византии, том 1. Москва 1967, стр. 339, 505, бел. 28.

На уште позачестени напади и пљачкосувања биле изложени балканските владенија на Византија во времето на владеењето на Јустинијан I (527—565). Тогаш, известува Прокопиј, Словените и Антите „скоро секоја година" почнале да ја минуваат реката Дунав и ги плачкосувале „Илирик, цела Тракија, т.е. сите краишта од Јонскиот Залив (т. е. Јадранското Море) до предградието на Цариград, меѓу кои се и Елада и обласга Херсонес"[13]. За секојдневни упорни притисоци од страна на Антите и Словените во времето на Јустинијан I соопштува и современикот Јордан[14].

Од овие зачестени словенски напади, секако бил засегнат и Брегалничкиот крај, зашто, како што известува Прокопиј, целиот Илирик, кон кој припаѓала и провинцијата Македонија II, бил изложен на постојани напади од заддунавските Словени. Иако императорот Јустинијан I и во овој дел на Балканот изградил или возобновил голем број тврдини[15], не можел да ги отстрани засилените словенски напади и пљачкосувања на одделните области,градовите и селските населби. Причина за тоа бил и фактот, дека месното експлоатирано население (колоните, робовите и сл.) во лицето на Словените гледале ослободители од тешката робовладетелска експлоатација поради што често поминувале на нивна страна. „Народот-известува Прокопиј-бегаше масовно кај Варварите..."[16]

Од словенските напади посебно билие погодени населбите по текот на Брегалница во 584 година, кога, според Прокопиј, „војската на Словените ја преминала реката Истар (Дунав) и извршила страшни злосторства над сите Илири се до Епидамн (Драч) убивајќи и заробувајќи ги сите возрасни луѓе на кои ќе наишле и им ги ограбувале богатствата". Притоа, истакнува Прокопиј, Словените „успееале да освојат многу тврдини кои дотогаш се сметале за сигурни, зашто никој не ги бранел и тие слободно обиколувале и претресувале сè. А илирските архонти ги следеле со војска од петнаесет иљади луѓе, но никако не се осмелиле сосем да им се приближат на непријателите"[17].

Префектурата Илирик, кон која во овој период биле приклучени двете провинции, Македонија I и II, била изложена на постојани словенски напади и пљачкосувања и во 50-те години на VI век. Според вестите од Прокопиј, во пролетта 550 година повеќе иљадна словенска војска повторно ја поминала реката Дунав и ја поразила византиската војска „во Илирик и Тракија... Извршувајќи го тоа, (Словените) продолжиле уште побезгрижно да ги пљачкосуваат сите краишта, како тракиските така и илирските..."[18]

---

[13] Византиски извори, I, стр. 51—52.

[14] История Византии, 1, стр. 339.

[15] Гръцки извори за българската история, II. София 1958, стр. 155 и сл.; сп. Д. Ангелов, История на Византия, I. София 1965, стр. 125; Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, стр. 26 и сл.

[16] Вид. Д. Ангелов, История на Византия, I, стр. 125—126.

[17] Документи, I, стр. 21.

[18] Византиски извори, I, стр. 41—42.

Огромна словенска војска во втората половина на 550 и почетокот на 551 година повторно ја минала рекатa Дунав со намера „со опсада да го освои само Солун и градовите околу него". Меѓутоа, кога словенската војска се приближила до Ниш се откажала од походот кон Солун, (зашто на помош на византиската војска со своја војска дошол војсководачот Герман) и го продолжила својот поход кон Далмација, „преминувајќи ги притоа по ред сите илирски планини"[19].

Брегалничкиот крај секако бил засегнат од словенски напади и есента 551 година, кога, според Прокопиј, „големо мноштво Словени, продирајќи во Илирик таму направиле неопишливи злосторства ... Задржувајќи се во тоа пљачкосување доста долго време, ги покриле сите патишта со мртовци и фаќајќи безброј робови и опљачкосувајќи сè, се повратиле дома со целиот плен"[20].

Иако Словените во овој период често пати и презимувале на византиска територија, бидејќи доста се одделечувале од своите заддунавски населби[21], се враќале со богатиот плен кај своите семејства. Тоа пак значи дека словенските напади и натаму продолжувале да имаат само пљачкашки карактер.

Од втората половина на VI век византиските владенија на Балканот биле загрозени и од Аварите. Откако оваа турска орда во 60-те години им се наложила над Словените во Панонската Низина, византиските владенија во внатрешноста на Балканот биле изложени на постојани аварско-словенски напади и пљачкосувања[22].

Едновремено заддунавските Словени продолжиле и самостојно да ги напаѓаат владенијата на Византија на Балканот. Дури од почетокот на 80-те години на VI век голем број Словени почнале и да заседнуваат во освоените балкански области. Од овој период, како што сведочат современите извори, Словените почнале да го колонизираат Балканот. Според вестите од сирискиот летописец Јован Ефески, во третата година по смртта на императорот Јустин II (565—578), т.е. во 581 година, кога на чело на Византија бил Тибериј I (578—582), „изврши напад проклетиот народ на Словените. Тие секавично ја поминаа цела Елада, областа на Солун и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини. Тие ги опустошија и изгореа, зедоа заробеници и станаа господари на земјата. Тие заседнаа на неа како господари, како на своја, без страв... И еве до ден денешен, т.е. до 895 (584 г.) тие се останати, живеат и спокојно престојуваат во земјата на Ромеите..."[23]

Дека во овој период и одделни македонски области биле изложени на засилени словенски напади говорат и податоците од „Чудата на Св. Димитрија Солунски". Според овие вести, во 584 година петиљадна одбрана словенска војска, која го преставувала „цветот на целото словенско племе", го нападанал дури и градот Солун, но не

[19] Документи, I, стр. 21—22.
[20] Византиски извори, I, стр. 49.
[21] История Византии, 1, стр. 341.
[22] Ibid., 343—344.

го освоила[24]. Само две години подоцна Солун повторно бил опсаден од огромна словенска војска, која при тоа дејствувала во сојуз со Аварите. Но и тогаш "варварската" војска не го освоила добро утврдениот Солун. На „варварската како песок многубројна маса" сепак ѝ успеало да ја опустоши „целата околина" на овој втор по големина византиски град[25].

Од овие словенско-аварски напади на Солунската област секако биле многу засегнати и соседните македонски области. Тогаш во голема мера настрадала покрај Струмичката, и соседните области. За тоа соопштува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици, коешто го напишал кон крајот на XI век врз база на постари, исчезнати извори[26]. Во ова житие тој меѓу другото вели: „Еден варварски народ, наречен Обри (Авари )откако навлегол од југ (т.е. од кај Солун)[27] во областите на Тивериопол (Струмица), опустошил многу градови, па и него. Дел од жителите со меч ги сотреле, дел ги заробиле, а сите убави згради и божјите храмови ги разурнале и до темел ги уништиле"[28]. Во овие аварски напади секако учествувале и Словените[29].

Дека во овој временски период биле изложени на аварско-словенски напади и одделните населби во Брегалничката област потврдуваат и најновите научни резултати од археолошките ископувања по текот на реката Брегалница. Тоа особено го потврдуваат наодите од ископувањата во Горен Козјак, на просторот од градот Баргала-Брегалница[30]. Имено, од пронајденото депо со 270 бакарни монети и 13 златници што им припаѓаат на византиските владетели Анастасиј I, Јустин II, Јустинијан I, Јустин II и Тибериј I[31], јасно се гледа дека византиските пари биле во циркулација во овј дел на Македонија до почетокот на 80-те години на VI век, т.е. до разурнувањето и опустошувањето на градските населби во овој крај од страна на Словените и Аварите. Слична била сликата и за Охридската област[32], и за другите македонски области[33].

---

[23] Документи, I, стр. 22—23; сп. и История Византии, 1, стр. 345.

[24] Документи, I, стр. 24.

[25] Ibid., 24—29.

[26] Вид. М. Соколов, Из древней истории Болгар. С.-Петербург 1879, стр. 121, 139.

[27] Вид. Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. — Гласник на Институтот за национална историја, V/2. Скопје 1961, стр. 25

[28] Theophylacti Archyepiscopi Bulgariae, Martyrium ss. quindecem tllustrium martyrum qui imparante impio Juliano Apostata Tiberiopoli, quae Strumitza bulgarice dicitur passi sunt. Ed. J. P. Migne, Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. 126. Paris 1864, 189, B—C.

[29] Сп.: Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 203 и сл.

[30] Вид. Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 5 и сл.; од истата, Придонес од истражувањата во Баргала-Брегалница за осветлувањето на историјата на Словените во Македонија. — Зборник „Кирил Солунски" 1. Изд. на МАНУ. Скопје 1970, стр. 13 и сл.

[31] Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 26; од истата, Придонес од истражувањата во Баргала-Брегалница, стр. 13—14 ;сп. и Ал. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 175.

[32] Вид. Б. Панов, Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI—VIII век). — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 4 (30). Скопје 1978, стр. 132 и сл.

Во овој период, најверојатно од Брегалничката област била целосно отстранета византиската власт од страна на таму заседнатите Словени. Тоа пак, значи дека и овој македонски крај до самиот почеток на VII век бил дефинитивно словенизиран. Во прилог на тоа говорат и податоците од „Чудата на Св· Димитрија Солунски“. Од нив се дознава дека до околу 618 година уште само градот Солун останал во Македонија „опкружен од нивните (т.е. словенските) населби“, давајќи им засолниште на сите бегалци кои се повлекувале пред налетот на Словените од Подунавјето и од другите сѐ уште не колонизирани балкански владенија на Византија[34].

Словенската колонизација на Балканот, која зела широки размери кон крајот на VI и почетокот на VII век, довела до тоа во овој период реката Дунав да престане да служи и како номинална граница меѓу Византија и заддунавските Словени[35]. Поради масовното навлегување на Словените од кај Дунав, Византија изгубила повеќе свои владенија на Балканот. Словенската колонизација во овие места била проследена и со исчезнување на цели градови. Оттогаш на зачестени словенско-аварски напади бил изложен и градот Солун. Тие биле извршени како од словенско-аварската војска, која доаѓала од Панонија, така и од веќе населените словенски племиња во Македонија[36]. Но и покрај постојаните опасади и напади, Солун останал под византиска власт. Независно од тоа ,Словените сепак успеале до 30-те години на VII век целосно да ја колонизираат територијата на Македонија. Оттогаш градот Солун изгубил секакви врски со внатрешноста на Македонија и егзистирал како единствена византиска оаза во словенското море[37].

Аварите, пак, по катострофалниот пораз што го доживеала аварско-словенската и персијска војска кај Цариград 626 година, се повлекле во своите заддунавски владенија и постепено се изгубиле како сила. Тоа пак им овозможило на голем број Словени да се оттргнат од нивното туторство и послободно да ги колонизираат балканските области кои сѐ уште не ги имале завладеано[38]. Од овој период и населените Словени во Брегалничката област егзистирале наполно независно, управувајќи се од своите племенски кнезови.

---

[33] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ. — Гласник на ИНИ,г. XVI, бр. 3. Скопје 1972, стр. 83; сп. и Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, стр. 47—48, бел. 151.

[34] Документи, I, стр. 32.

[35] Н. В. Пигулевская, Византия и Иран на рубаже VI и VII в. Москва—Ленинград 1946, стр. 60.

[36] В. Тъпкова-Заимова, По някои въпроси за етническите промени на балканите през VI—VII в. — Известия на Института за история, кн. XII. София 1963, стр. 82—83.

[37] Б. Панов, Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација, стр. 122.

[38] F. Barišić, Le siège de Constantinopole par les Avares et les Slaves en 626. — Byzantion, 24 (1954), 371 ss.; В. Тъпкова, — Заимова, По някои въпроси за етническите промени на балканите през VI—VII в., стр. 83.

Со населувањето на Словените — пагани во Брегалничката област и во овој дел на Македонија ѝ бил нанесен уништувачки удар на христијанската црковна организација[39]. Уште кон самиот крај на VI век во овој македонски крај престанала да егзистеира и прочуената Баргалска епископија, чие основање, според расположливите изворни податоци, датира од V век[40]. Баргалската црква, секако била до темел разрушена по 586 година, кога огромната аварско-словенска војска уништила голем број градови и цркви во префектурата Илирик и кога поради тоа голем број епископи ги напуштиле своите катедри и нашле засолниште во оние епископски центри кои сè уште биле поштедени од варварските напади[41]. Тогаш секако престанала и црковната дејност на последниот баргалски епископ за чие име и судбина засега не постојат никакви вести. Тој или се повлекол пред налетот на „варварската" војска, или пак при заземањето на епископскиот град бил убиен, или заробен и одведен во заробеништво, како што било случај со голем број луѓе од овие македонски краишта, за што известува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици[42].

Дека од самиот крај на VI век престанала да егзистира Баргалската епископија говорат и податоците од Житието на Тивериополските маченици со кои Теофилакт известува дека покрај тоа што биле уништени градовите, до темели биле разурнати и „божјите храмови" од страна на „варварскиот народ" т.е. Аварите и Словените[43]. Овие веродостојни податоци наполно ги потврдуваат и резултатите од археолошките ископувања на просторот на епископскиот град Баргала-Брегалница, во Горен Козјак[44]. Засега во науката сè уште не е даден одговор на прашањето: кој е епископот Еремија од грчкиот натпис на мермерниот капител, откриен заедно со другите остатоци од ранохристијанската базилика во епископскиот град во Горен Козјак. Исклесаниот оригинален грчки текст гласи: [ω χρισ]τὲ βοήθι τῷ δούλου [ῳ] ἐρεμίᾳ ἐπισκόπῳ[45]. Овој натпис, кој во превод на македонски јазик гласи: „О Христе помогни му на твојот роб епископот Еремија",[46] сè уште не е можно да се утврди дали потекнува од претсловенскиот период или пак од времето на бугарското владеење (средина на IX до 969 година), кога бугарските владетели Борис (852—889) и Симеон (893—927) одново ја издигнале и прославиле Брегаличката епископија,

---

[39] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, София 1969, стр. 94—95.

[40] Й. Иванов. Северна Македония, стр. 59 и сл.; Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 10 и сл.

[41] Латински извори за българската история, I, стр. 375; сп. и В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 95; Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку стр. 49.

[42] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae ,Martyrium..., col. 189. B—C

[43] Ibidem.

[44] Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 22; од истата, Придонес..., стр. 14 и сл.

[45] Б. Алексова, Придонес..., стр. 13.

[46] Така го преведува текстот А. Керамитчиев, правејќи притоа извесни корекции: [ὢ χρισ]τὲ βοήθει τῷ δούλῳ 'Ερεμία 'επισκόπῳ. За укажаното внимание срдечно му се заблагодарувам.

како што се вели и во Житието на Тивериополските маченици[47]. Не е исклучено сепак епископот Еремија да бил последниот или еден од последните баргалски епископи, зашто на тоа упатува и самиот текст од натписот „О Христе помогни му на твојот роб“, која помош епископот Еремија можеби ја барал во очи на паѓањето на неговиот град под словенско-аварска власт. Со исклесаниот натпис токму во ова немирно време баргалскиот епископ можеби сакал да остави и траги за своето епископување.

## III

До почетокот на VII век на поширокото подрачје по целиот тек на реката Брегалница за трајно се населиле Словените. Како и соседните македонски области кои се простирале по текот на реката Струма и околу неа и Брегалничката област била населена од племето Стримонци (Στρυμώνιοι) коешто така било именувано по името на реката Стримон[48]. Инаку, целата територија на која се населило племето Струмјани била опфатена во рамките на т.н. Стримонска склавинија, која, всушност, претставувала „словенско кнежевство“, управувано од своите племенски кнезови. Средиштето на оваа македонска „склавинија“ го сочинувале струмичко-брегалничките краишта[49]. Почнувајќи од крајот на VI век на територијата на Македонија се појавиле повеќе такви „склавинии“ кои во текот на VIII век израснале во полудржавни формации[50]. Од овој век тие биле именувани од современиците и како „Македонски Склавинии“ (τὰς κατὰ τὴν Μακεδονίαν Σκλαυινίας)[51]. Скалвиниите всушност ги претставувале териториите на одделните македонски словенски племиња[52]. Предводени од своите племенски водачи, скалвиниите сè до средината на IX век егзистирале како независни или полунезависни кнежевства, управувани од своите „архонти“ или „ригеси“ („кнезови“ или „кралеви“)[53].

Сè до почетокот на IX век Стримонската склавинија егзистирала како независно словенско кнежевство. Уште во текот на VI и VII в на територијата на ова „словенско кнежевство“ биле извршени корени-

---

[47] Theophylacti Archyepiscopi Bulgariae ,Martyrium, col. 205, B — 221, A.

[48] Документи, I, стр. 35; сп. и F. Dvornik, La vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IX siècle. Paris 1926, p. 31 и сл.; Р. Наследова, Македонские славяне конца IX-начала X в. по даным Иоанна Камениаты. — Византийский временик, XI (1956), стр. 82 и сл.:; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 208 и бел. 44, каде што е дадена и литература.

[49] Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија. — Зборник „Кирил Солунски“, 1. Изд. на МАНУ. Скопје 1970, стр. 172 и сл.; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 74.; М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон. — Зборник РВИ, кн. 5. Београд 1958, стр. 1 и сл.

[50] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София 1963, стр. 119 и сл.

[51] Документи, I, стр. 42—43.

[52] Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 123.

[53] П. Мутафчиев, Рец. на кн. од F. Dvornik, La vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IX$^e$ siècle. Paris 1926. Македонски преглед, IV/2. София 1928, стр. 145.

ти етнички и општествено-економски промени. За време одвивањето на словенската колонизација дошло до осетно намалување на староседелското, македонско[54], население кое живеело од двете страни на реката Брегалница. Голем дел од староседелците биле убиени или одведени во ропство од страна на Словените и Аварите[55]. Не бил мал бројот и на оние (особено побогатите жители) кои пред налетот на аварско-словенската војска нашле засолниште во утврдените крајбрежни градови, каков што бил Солун, а и по островите[56]. Оние пак староседелци (претежно колони, робови, градски сиромаси и сл.) кои останале по своите родни места, се здобиле со слобода. Таквите староседелци постепено биле асимилирани од побројните словенски маси, населени на овој терен. Само еден мал дел од елинизираното и романизирано староседелско население успеало да ги зачува своите етнички белези. Тоа биле оние староседелци-Македонци кои избегале по соседните планини. Остатоци од нив се Власите, кои доста ги имало во средновековието во овие македонски краишта, а и подоцна, егзистирајќи дел од нив и до денес[57].

Како резултат на тоа што уште од почетокот на VII век словенскиот етнос станал доминантен и во Брегалничката област, каков што бил случајот и со другите краишта на Македонија[58], дошло до корени и измени во именувањето на одделните населби, планините, реките, одделните месности итн.

Со отстранувањето на византиската власт, населените Словени во Брегалничката област вовеле во употреба словенизирани или сосема нови словенски називи за одделните места. Така, на пример, Овчеполието наместо Πρόβατα било наречено Овче Поле[59], територијата на некогашната Пеонија била преименувана во Пиіаньцъ[60]. итн. Нови словенски или словенизирани називи добиле и градските населби кои постепено се развиле врз урнатините на старите градски населби или пак во нивна близина. На пример, словенската населба која најверојатно изникнала врз урнатините или во близина на стариот пеонски град Астибо била преиначена во Штип (Щтипъ)[61], потоа Баргала (βαργαλα) во Брегалница (Брѣгалница)[62], Аромонија (᾿Αρμονία) во Рамен (Раменъ)[62] итн.

---

[54] Документи, I, стр. 26 и бел. 55; сп. и М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон, стр. 5.

[55] Theophylacti Archyepiscopi Bulgariae, Martyrium, col. 189, B—C.

[56] Документи, I, стр. 32.

[57] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 82; сп. и Е. Наумов, Волошская проблема в современой югославской историографии. — Во кн.: Славяно-волошские связи. Изд. Академия наук Молдавской ССР. Кишинев 1978, стр. 199—217; А. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 191 и сл. каде се разгледани топонимите од латинско-влашко потекло во овој дел на Македонија.

[58] Й. Иванов, Северна Македонијя,. стр. 32 и сл.

[59] Ibid., 76.

[60] Ibid., 32.

[61] Ibid., 200; сп. и А. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 193; С. Лишев, Българският средновековен град. София 1970, стр. 12.

[62] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 73, 215.

Иако градот Штип под својот словенски назив се споменува дури од почетокот на XI век, кога Јован Скилица го именувал како Стипион (Στουπεῖον, Στουπίον)[63], тоа не значи дека тој дури тогаш и настанал. Напротив, Штип како градска населба почнал да се оформува уште по словенската колонизација, каков што бил случајот и со Струмица[64], Охрид[65] и други македонски средновековни градови, кои поголема афирмација добиле по повторното и потрајно враќање од страна на Византија на својата власт на целата територија на Македонија.

Во науката сè уште постои и голема нејаснотија и по прашањето околу постоењето на градовите Брегалница и Равен (Рамен). Уште во 1864 година рускиот научник. А. Куник дошол до сознание дека постоел „град Равен на Брегалница". Меѓутоа, Куник не можел да даде одговор на прашањето: дали овој град имал врска со „епархискиот град Брегалница, на кого што подоцна Борис-Михаил му укажакл исто уважение. Сепак тој наведува еден податок од еден грчки монах со кој известува дека околу 1750 г. сè уште постоело село Брегалница[66].

Подоцна со проблемот околу постоењето на овие два града се позабавил и Ј. Иванов. Држејќи се до податоците од Константин Порфирогенит и од Солунската легенда, Иванов се изјаснил дека на Брегалница постоел во овој период словенски град Равен. Притоа тој претпоожил дека градот најверојатно се наоѓал на просторот од денешната месност Рамна кај с. Тработивиште, оддалечено еден километар од средниот тек на р. Брегалница, каде што сè уште се наоѓале остатоци од стари згради. Што се однесува, пак, до градот Брегалница, Иванов не можел да даде одговор на прашањето : дали во „словенската епоха името Брегалница се давало и на реката и на градот крај неа, како што сега со името Струмица се нарекува и реката и градот кој лежи крај неа"[67].

Во последно време со проблемот околу градот Брегалница се позанимавала и археологот Б. Алексова. Врз база на опстојните археолошки ископувања во Горен Козјак, т.е. откриената ранохристијанска базилика и другите остатоци од градби, таа дошла до сознание дека во првите векови по словенската колонизација на местото на разурнатиот град Баргала изникнала новата градска населба Брегалница, која станала седиште и на Брегалничката епископија (Βραγαλητζης ἐπισκοπῆ), што ја споменува Теофилакт Охридски во Житието на Тиевериополските маченици[68].

---

[63] Византијски извори за историју народа Југославије, III. Београд 1966, стр. 112, 116, 126; сп. и Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 4. Скопје, 1978, стр. 278 и бел. 48—50.

[64] Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област стр. 208 и сл.

[65] Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 124 и сл.

[66] А. Куник, О материалах для истории Болгарской церкви. — Записки Императорской Академии Наук, т. IV/2. S. — Петербург 1864, стр. 254 и бел.

[67] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 73.

[68] Theophylacti Archyepiskopi Bulgariae, Martyrium..., col. 201 c; сп. и Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 10 и сл.

Дека во непосредна близина на денешната црква Св. Ѓорги во Горен Козјак во IX и X век, постоел епископски град, именуван Брегалница потврдуваат не само резултатите од новите археолошки ископувања, туку и податоците од пишаните извори. Тоа особено се гледа од Житието на Тивериополските маченици, кога Теофилакт Охридски наведува дека „градот Брегалница" (Βραγαλῃνίτζαν ... πόλεως; ὁ πολλῶν)[69]; кој се наоѓал на „царскиот пат"[70], што водел кон Струмица[71], бил заедно со храмот утврден со „ѕидини"[72] во времето на Борис и Симеон, т.е. во втората половина на IX век. Тоа го потврдуваат и археолошките ископини во Горен Козјак[73].

Покрај одделните места и градските населби во Брегалничката област, чисто словенски или словенснизирани имиња добиле планините, реките, селските населби и сл[74].

По населувањето на Словените, во Брегалничката област биле извршени коренити општествено-економски измени. Како и во другите краишта на Македонија[75] и тука словенската колонизација била проследена со уништување до темели на градовите, кои дотогаш претставувале робовладетелски центри. Околу нив, каков што бил случајот и со Солун и другите македонски градови[76], се наоѓале робовладетелски стопанства што ги обработувале главно колоните и робовите. Овие стопанства исто така биле разорени од страна на Словените при што им помогнале и колоните и робовите. При тоа, робовладетелите или биле убиени, или земени во ропство, или пак се позлекле во добро утврдените приморски градови. Градот Солун, според вестите од „Чудата на Св. Димитрија Солунски", се претворил во главен прифатен центар за таквите бегалци од сите балкански владенија на Византија[77]. На тој начин со отстранувањето на византиската власт и во Брегалничката област бил нанесен уништувачки удар на изживеаниот робовладетелски поредок[78]. Робовите и колоните, пак, здобивајќи се со слобода[79] од страна на населените Словени, заживеале како наполно слободни луѓе во рамките на слободните селски општини кои изникнале врз ру-

---

[69] Theophylacti Archyepiscopi Bulgariae ,Martyrium..., col. 208, A.

[70] Ibid., col. 212; Гръцки извори за българската история, VII. София 1968, стр. 91—92.

[71] Вид. Б. Панов, Струмичката област во времето на Самоил. — Зборник „Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава". Изд. на ИНИ. Скопје 1971, стр. 149, бел. 1; сп. и Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси. София 1960, стр. 39.

[72] Theophylacti Archyepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 220, B.

[73] Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 41 и сл. ;од истата, Придонес од истражувањата во Баргала-Брегалница, стр. 19 и сл.

[74] Вид.: Й. Иванов, Северна Македония, стр. 32 и сл.; Ал. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 187 и сл.

[75] Вид. Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 130.

[76] М. Я. Сюзюмов. Экономика пригородов византийских крупных городов. Византийский временик, XI (1956), стр. 60.

[77] Документи, I, стр. 32.

[78] А. П. Каждан, Еще раз об аграрных отношениях в Византии. — Византийский временик, XVI (1959), стр. 101—111.

[79] Византиски извори, I, стр. 212.

шевините на градските населби, по разорените робовладетелски стопанства. Таков бил случајот и со другите словенизирани области на Балканот[80].

Во текот на VII и VIII век формираните слободни селски општини во Брегалничката област, како што бил случајот и во другите македонски области ги сочинувале т.н. „земјоделски“ општини, наречени уште и „семејно-родовски општини“ или задруги. Тие се карактеризирале со значителни остатоци од родовско-општинските односи и се одликувавале со специфичен дуализам. Во нив била присутна врховната земјишна сопственост на колективот врз основните земјишни имоти, од една страна, како и парцијално користење на земјата од сите општиници, од друга страна. Инаку, карактеристично за тие општини е тоа што сите членови колективно владееле и ја обработувале земјата и заеднички ги користеле плодовите[81].

Како резултат на развитокот на општеството и во Брегалничката област уште од VIII век почнале да се раслојуваат и разјадуваат земјоделгите општини-задруги. Постепено тие им го отстапувале своето место на територијтлните (соседски) општински-марки. Но тоа бил долготраен процес, така што извесни остатоци од задругите се зачувале на територијата на Македонија во текот на целото средновековие[82]. Во текот на IX и X век земјоделската општина сѐ уште егзистирала и во Брегалничката област. Во прилог на тоа говорат и податоците од Житието на Тивериополските маченици, со кои Теофилакт известува дека жителите од Брегалничката област имале „обичај“ да прават лебови од кои еден бил доволен до ситос да се нахранат „десет мажи“[83]. Таквите големи лебови секако биле правени за т.н. „големи семејства“ во чија средина живееле три поколенија членови (родители, синови и внуци)[84].

Византија, во која под влијание на словенската колонизација во текот на VII век бил извршен аграрен преврат и која на изгубената македонска територија задржала само фиктивна власт[85], од втората половина на VII век почнала да презема воени походи против Македонските Словени со цел да си ја поврати својата власт во Македонија. Вестите од Хронографијата на Теофан Исповедник говорот, дека еден таков поход презел и императорот Констанс II (641—668) во 658 година, кога притоа „многумина зароби и потчини“[86]. Но од овој поход биле

[80] Вид.: Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 212 и сл.; од истиот, Охрид и Охридската област, 130 и сл. Инаку, словенските живеалишта преставувале обични „колиби“. Види: Документи, I, стр. 40.

[81] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 79 и сл.

[82] Ibid., 140 и сл.; Историја на македонскиот народ, I. Скопје 1969, стр. 109; Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. София 1958, стр. 97 и сл.

[83] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martirium. . ., col. 217, D.; сп. и: В. Н. Златарски, Големината на българския хляб. — Известия на Народния етнографски музей в София, I/1—2. София 1922, стр. 12; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв. Москва 1960, стр. 64.

[84] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 79 и сл.

[85] Византиски извори, I, стр. 222, бел. 9.

[86] Документи, I, стр. 33—34.

засегнати само заселените Словени во близина на Солун. Тоа пак значи дека Стримонската склавинија била настрана од овие настани. Од друга страна вестите од „Чудата на Св. Димитрија Солунски“ говорат и за тоа, дека и Словените околу Солун само навидум го чувале мирот и дека продолжиле да се управуваат од свиоте племенски водачи[87].

Со цел да се спротивстават на зачестените византиски напади, македонските словенски племиња во 70-те години на VII век се обединиле повторно во голем племенски сојуз[88], на чие чело застанал ринхинскиот „крал“ (ῥήξ) Пребонд[89]. Во племенскиот сојуз покрај Ринхините, Струмјаните и Сагудатите влегле и „останатите варварски племиња[90]“. Целта на „сојузниците Словени“ им била не само да се спротивстават на византиската војска, која ги напаѓала „склавиниите“ околу Солун, туку и да се премавне византиската власт од овој град, а што би им овозможило да се обединат во единствена држава[91]. Меѓутоа, тогашниот византиски император Константин IV (658—685) дознавајќи за „подмолниот план“, односно за „заверата“ на Пребонд „против градот (Солун)“ му наредил на солунскиот префект „на секој начин“ како да знае Пребонд „врзан “ да му го испрати во Цариград. И навистина, кога тој на неразјаснет начин „престојувал во градот“, бил фатен и одведен во Цариград. Таму по неговото повторно фаќање, кога направил обид да се спаси со бекство ,бил ликвидиран[92].

Убиството на Пребонд било причина сојузените македонски племиња да го опсадат градот Солун. Но и оваа опсада извршена во 677 година била безуспешна[93]. Есента, истата година, словенските водачи повторно се обиделе да го освојат Солун, но и тогаш градот останал под византиска власт[94]. Византија дури успеала кон крајот на таа година привремено да смири дел од Словените околу Солун. Вестите од „Чудата на Св. Димитрија Солунски“ говорат, дека тогаш Византија успеала, освен Струмјаните и Ринхините да ги натера „останатите (Словени) делумно“ да мируваат и да го одложат оружјето[95].

Императорот Константин IV во 680 година влегол во отворена војна со Струмјаните. Тие пак откако ги запоседнале „утврдените места“, се вели во „Чудата на Св. Димитрија Солунски“, ја повикале на помош „сета варварска војска“, која била предводена од нивните кнезови. Иако

---

[87] Ibid., 34.

[88] Според вестите од „Чудата на св. Димитрија Солунски“ уште во втората деценија на VII век бил создаден голем словенски племенски сојуз, на чие чело стоел кнезот Хацон (Документи, I, стр. 29—31). сп. и Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 123.

[89] Документи, I, стр. 34; сп. Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр 123, 133.

[90] Ibid., 29 и бел. 56—70.

[91] Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 165; од истиот, Охрид и Охридската област, стр. 123, 133.

[92] Документи, I, стр, 34—37.

[93] Ibid., 37—38.

[94] Ibid., 38—39.

византиската војска била дочекана во заседи, таа извојувала „победа над Словените". Притоа биле убиени и нивните „најхрабри и најдобри хоплити", т.е. тешко вооружени пешаци[96].

Оваа византиско-словенска војна, иако се водела главно на територијата на која биле населени Струмјаните, и во неа зеле учество секако и Словените од Брегалничката област, ги погодила главно Словените кои живееле по Долна Струма, зашто внатрешноста на Македонија останала настрана од оваа војна[97].

Со оваа војна Византија успеала да го запре процесот на создавање држава на Македонските Словени уште кон крајот на VII век. Причина за тоа било што градот Солун и тогаш служел како главена воена база преку која биле преземани главно воените походи против околните „словенски кнежевства"[98]. И додека во овој период на Византија и' успеало да ги оневозможи Македонските Словени да создадат своја држава, дошло до создавањето на словенско-бугарската држава на просторот меѓу Стара Планина и Дунав, која 681 година и Византија морала официјално да ја признае[99].

Во 80-те години на VII век императорот Јустинијан II (685—695) повторно ги нападнал „склавиниите". Но и тогаш биле погодени само Словените околу Солун[100]. Тоа пак, значи, дека Словените од Брегалничката област и натаму останале управувани од своите племенски кнезови[101].

И во текот на VIII век, иако Византија постојано ги напаѓала „македонските склавинии"[102], поголемиот дел од нив и натаму продолжиле да егзистираат како независни „словенски кнежевства", управувани од своите „кнезови" или „кралеви" (ἄρχοντες, ρῆγες)[103].

Словените од струмичко-брегалничките краишта дури од почетокот на IX век биле загрозени од Византија, кога таа се ангажирала да ги спречи бугарските продори по Горна Струма. Тогаш на чело на зајакнатата бугарска држава стоел ханот Крум (803—814). Тој си поста-

---

[95] Ibid., 39.

[96] Ibid., 40; сп. Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 218 и сл.

[97] Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 135.

[98] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 37; Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 135—136.

[99] Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 140—141; М. Андреев—Д. Ангелов, История на българската държава и право. София 1959, стр. 68; М. Войнов, Отново по въпроса за възникването на българската дъража ва. Известия на Института за история, 9. София 1960, стр. 26 и сл.

[100] Документи, I, стр. 40—42.

[101] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 37.

[102] Документи, I, стр. 42—45.

[103] П. Мутафчиев, Рец. на кн. од F. Dvornik, La vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IX$^e$ siècle. Paris 1926 Македонски преглед, IV/2 (1928), стр. 145; Ив. Дуйчев, Славяни и първобългари. Известия на Института за българска история, 1—2 (1951), стр 198 и сл.; S. Antoljak, Makedonija u 9. stoleću. — Зборник „Кирил Солунски", 1. Изд. на МАНУ. Скопје 1970, стр. 40; Б. Панов, Охрид и Охридската област, стр. 135.

вил за цел по отстранувањето на византиската власт од Сердика 809 година да се спушти по Струма и да го освои Солун[104]. Погоден од тоа, Византискиот император Никифор I Геник (802—811) иселил голем број колонисти од малоазиските владенија и ги населил „во склавиниите" (ἐπὶ τὰς Σκλαυινίας) кои граничеле со проширената бугарска држава. Голем дел од овие колонисти биле населени и во Стримонската склавинија[105]. Меѓутоа, малоазиските колонисти, кои по одделните склавинии дејствувале како стратиоти, биле принудени панично да ги напуштаат своите воjнички имоти, кога ханот Крум поминал во офанзива по убиството на императорот Никифор I во 811 година. Како резултат на тоа на страшни пустошења и пљачкосувања биле изложени македонските краишта меѓу Вардар и Струма[106].

По склучувањето на Триесетгодишниот мир меѓу Бугарија и Византија во 814/15 година бугарските војски биле принудени да се повелчат од нападнатите македонски области[107]. Тоа пак и' овозможило на Византија во овој период да воспостави извесни сојузнички односи со Струмјаните[108]. Но набрзо повторно дошло до заострување на односите меѓу Византија и Струмјаните. Причина за тоа било востанието на Тома Словенинот од 821—823 година, кое се закануvalo да се прошири и кон Струма[109]. За време владеењето на императорот Михаил II (820—829) наполно биле прекинати врските на Византија со Струмјаните[110]. Дури од почетокот на владеењето на Теофило (829—842) Империјата направила обиди да ги зајакне своите позиции по Струма и Вардар, особено во пограничните области со Бугрија, со што била загрозена и независноста на Словените во струмичко-брегалничките краишта[111].

## III

Кон крајот на 30-те години на IX век бугарскиот хан Пресијан (836—852) го нарушил Триесетгодишниот мир со Византија и почнал да ги напаѓа и да ги завладува областите во Североисточна Македонија.

[104] М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон. — Зборник радова Византолошког института, књ. 5. Београд 1958, стр. 3 и сл.; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 222 и сл.

[105] Документи, I, стр. 41—42; Византиски извори, I, стр. 235—236. Сп. и М. Рајковић, Област Стримона и тема Стримон, стр. 4 и сл.; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 223 и сл.

[106] Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење (средина на IX в. — 969 година). — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 5—6 (31—32). Скопје 1979/80, стр. 138 и сл.

[107] Ibid., 139.

[108] Ив. Дуйчев, Славяни и първобългари, ст. 210—211; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 225.

[109] Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 226.

[110] Според П. Лемерл, под византиска власт тогаш се наоѓал само еден мал тесен дел од брегот на Струма (P. Lemerl, Philippes et la Macédoine orientale. Paris 1926, p. 132.

[111] Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 226—228.

Притоа тој ја искористил зафатеноста на Византија во ликвидирањето на „голенотo востание" на Македонските Словени околу Солун[112]. Од бугарските завладувачки походи биле засегнати, освен Смолјаните кои живееле околу градот Драма[113] и териториите на Струмјаните по Горна Струма, со што биле засегнати и Словените по реката Брегалница[114].

Зачестените бугарски воени походи во Североисточна Македонија биле причина Византија генерално да ја измени својата политика спрема Македонскиете Словени, особено спрема оние кои биле загрозени од Бугарите. Преку доделување разни титули, привилегии, назначување словенски управители на нивно чело и сл., Византија настојувала да ги придобие Словените на своја страна во борбата против агресивните Бугари[115]. Водејќи таква помирлива политика, Византија успеала постепено да воспостави извесна врховна власт и над Словените што живееле од десната страна на Струма, по текот на Струмица и Брегалница[116]. Најверојатно Византија ја повратила својата власт во овој дел на Македонија во самиот почеток на владеењето на императорот Михаил III (842—867), кога Стримонската склавинија веќе била изложена на сè позачестени напади и завладувања од страна на ханот Пресијан. Тоа секако била и главната причина, кога византиската централна власт се одлучила во струмичко-брегалничките краишта кои биле од големо воено-стратегиско значење за Империјата, а особено за безбедноста на Солун[117], да спроведе во дело интензивни воени и дипломатски акции. Во нивното реализирање биле ангажирани не само значителни словенски воени сили, туку и такви словенски дејци (команданти, дипломати и сл.), какви што биле синовите на солунскиот друнгар, т.е. потстратег Лав: Константин и Методиј[118].

Од расположивите изворни податоци се дознадва дека Методиј, кој уште „од млади години" се истакнал како добар воин[119], на дваесетгодишна возраст бил удостоен од императорот со „војводски чин"[120],

---

[112] Документи, I, стр, 51 и бел. 186.

[113] Документи, I, стр. 52; сп. и Д. Дечев, Где сѫ живели смолените. — Сборник в чест на В. Н. Златарски. София 1925, стр. 45: сл.; Ив. Дуйчев, Славяни и първобългари, стр. 213.

[114] Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење, стр. 139; сп. и С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель. — Богословенские труды. Сборник второй. Моска 1961, стр. 102 и сл.

[115] Ф. И. Успенский, на памят тысячелетней годовщини славянских просветителей. Одесса 1885, стр. 2—3; Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 169; Р. А. Наследова, Македонские славяне конпа IX—начала X века по данным Иоанна Камениаты. — Византийский временик, XI (1956), стр. 91—92, бел 73.

[116] С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 101 и сл.

[117] Б. Панов, В какой области Македонии был Мефодий князем. — Actes du IIe Congrès international des études du sud-est Européen, t. II. Athènes 1972, стр. 370—371.

[118] Ф. И. Успенский. На памят тысячелетней годовщины славянских просвети. телей, стр. 1 и сл.; Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 169.

[119] Документи, I, стр. 53; сп. С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 103.

[120] Документи, I, стр. 53.

т.е. поставен за кнез на Словените (царь... постави юго кнѧзємь въ словѣнѣхъ)[121]. За жал изворите сѐ уште не допуштаат со сигурност да се определи територијата која влегувала во рамките на „словенското кнежевство“ (кнѧжєниѥ словѣньско) кое, според вестите од Методиевото Панонско житие, тој го управувал „многу години“ (лѣта многа)[122]. Струмичко-брегалничките краишта секако се наоѓале во средиштето на Методиевото „словенско кнежевство“[123]. Во прилог на тоа говорат, директно или индиректно и зачуваните извори. Така, вестите од т.н. Вистинска повест за Кирил и Методиј сведочат, дека Методиј дејствувал десет години како военоначалник во краиштата кои граничиле со бугарскиот народ (као Воєначалникъ оу ’онє прєдѣлє, кои сѹ граничили съ Болгарскимъ народомъ... тамо дєсєть година поживи)[124]. Тоа секако се однесува предимно на струмичко-брегалничките краишта, кои, почнувајќи од 40-те години на IX век станале погранични со проширената бугарска држава. Дека дејноста на Методиј се одвивала главно на овој терен, говори и запишаното народно предание од Струмичкиот крај. Во него меѓу другото се вели, дека „Св. Методиј цели 10 години им го проповедал на Словените словото божје по „Бела река“ што тече источно од Велјуса, на три четвртини час, минува низ с. Водоча и по горниот тек се вика „Бела река“, а по долниот — Водочница“[125].

Дека Методиј како словенски кнез дејствувал и во Брегалничкоит крај и притоа неколку години (во првата половина на 50-те години) му дошол на помош и брат му Константин, говорат и податоците од Краткото Кирилово житие и Солунската легенда.

Од Краткото Кирилово житие, наречено уште „Успение Кирилово“ се дознава, дека Константин Филозоф по извојуваната верска победа над бившиот иконоборски патријарх Јован VII Граматик (во житието наречен Анние), уште пред да замине во мисија кај Сарацените во Багдад[126], византиската централна власт го испратила да дејстувуав како мисионер меѓу Словените по реката Брегалница:

„Потоа отиде на Брегалница и, таму најде неколкумина од словенскиот народ покрстени. И оние кои не беа покрстени тој ги покрсти и ги приведе на православна вера. Им напиша и книги на словенски јазик. Сите оние што ги приведе во христијанска вера, беа 54,000“ (По том же шєд въ Брѣгалницѫ, и обрѣт от словѣнскаго ѧзыка нѣколи-

---

[121] А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, II. София 1934, ср. 38.

[122] А. Теодоров-Балан, Кирил и Методи, I. София 1920, стр. 86.

[123] Види: А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие и тысячелетеней их годовщине. — „Кирилло—Мефодиевский сборник“. Москва 1865, стр. 150—151; Д. Чуповски, Македонија и Македонците. — Македонски глас (Македонский голос). Орган на приврзаниците на независна Македонија 1913—1914. Изд. на Институтот за национална историја. Скопје 1668, стр. 41; Б. Панов, В какой области Македоии был Мефодий князем, стр. 370 и сл.

[124] Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский. Его жизн и просветительная деятельност. — Сергиев Посад 1913, стр. 264 (Приложение).

[125] Г. Трайчев, Манастирите в Македония. София 1933, стр. 172.

[126] Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 176 и бел. 98.

ко крѫщенѣ. И елицѣх же не обрѣт крѫщенѣх, он҅ же к’рѫстивь их и првведе на православнѫѧ вѣрѫ. И написавь имь книгы словѣнскым ѧзиком. И сих, иже обрати на вѣрѫ христїанскѫѧ, ӣд’ тысѫщѧ).[127]

Дека Константин Филозоф дејствувал како мисионер „во градот Равен на реката Брегалница“ (въ градь Равьнь на рѣцѣ Брѣгалницѣ) и дека за потребите на тукушните Словени создал 35 букви (написахь имь ӓв словѣ) -се вели и во т.н. Солунска легенда[128].

Врз база на овие вести, уште во средината на XIX век А. Куник се изјаснил, дека „првото место на апостолското служење на св. Кирил меѓу Словените било на растојание само неколку дена пат од Солун, по реката Брегалница“ и дека „првото словенско писмо било наменето, имено, за Словените на Брегалница“[129].

Дека Константин Филозоф ја создал словенската азбука уште во 855 година најпрвин за потребите на Словените кои живееле по реката Брегалница, се изјаснил и А. Гилфердинг. Притоа тој заклучил, дека „во Македонија Кирил го создал преводот на Светото писмо, за просветување на Словените од својата татковина, што биле веќе делумно покрстени; се укажува дури и местото каде Кирил го положил почетокот на тоа дело, имено тоа била Брегалница, крај во Македонија во кој тече река која и денес го носи тоа име. . . Брегалница се наоѓа имено во оној (североисточен) дел на Македонија, кој претежно од Византијците се наречувал Славинија, и тоа е таа област која се наоѓала во тоа време под управа на Методиј. Не била ли тука најблиската и најдобра почва за обиди на првата словенска писменост и словенската богослужба“ Изворите јасно укажуваат „на Македонија како на татковина на словенската писменост, на Македонските Словени како на племе за кое Кирил ги создал од почетокот своите трудови“ — заклучува Гилфердинг[130].

По искажувањата на овие видни руски слависти проблемот околу Брегалничката мисија на Константин Филозоф сѐ повеќе почнал да ги привлекува познавачите на Кирило-Методиевото дело. Притоа значително се зголемил бројот на славистите и историчарите кои се застапувале во прилог на тоа: дека првата мисија на Константин Филозоф се одвивала меѓу Совените по Брегалница и дека за нивни потреби најпрвин тој ја создал словенската азбука во 855 г. и напишал книги на словенски јазик[131].

Дека Константин Филозоф ја создал словенската азбука за потребите на Македонските Словени кои живееле во рамките на „словенското кнежевство“, што го управувал брат му Методиј од 845-крајот на

---

[127] Й. Иванов, Български старини из Македония .Фототипно издание. София 1970, стр. 285 и бел. 3.

[128] Ibid., 283.

[129] А. Куник, О материалах для истории Болгарской церкви. — Записки Императорской Академии Наук, т. V, к. 2. С. — Петербург 1864, стр. 254, бел. 255.

[130] А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие, стр. 150—151.

[131] Види: Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 178 и сл.; Од истиот, Die Mission von Bregalniiza Konstantin des Philosophen—Kiril. — Годишен зборник на Фил. фак., кн. 3 (29), 1977, с. 113

855 година, убедливо говорат и податоците од делото на Црноризец Храбар „За буквите", како и од Пространото Климентово житие. Имено, Црноризец Храбар наведува дека Константин Филозоф азбуката ја создал и превел книги (писмена створи и книгы прѣложи) заедно со братот Методиј во 6363 (т.е. 855 г.)[132]. Дека Кирил заедно со Методиј ја „изнашле словенската азбука" и превеле книги на словенски јазик, се вели и во Пространото Климентово житие[133].

Од овие вести јасно се гледа дека во создавањето на словенската азбука и пишувањето словенски книги Константин Филозоф бил сестрано помаган и од својот брат Методиј, кој тогаш стоел на чело на „словенското кнежевство". Најверојатно тој и го потикнал Константин да се зафати со создавањето на словенските букви, кои според Црноризец Храбар, изнесувале 38[134]. Како долгогодишен словенски управител во овие краишта тој веќе се судрил со големи тешкотии поради неразбирањето на грчки јазик од тукашните Словени. Во прилог на тоа говори и фактот дека и тој самиот пред тоа морал да напише „Закон за судење на луѓето" на словенски јазик со грчки букви, со кој настојувал да ја заздрави дисциплината меѓу нерегуларната словенска војска, собрана од неговото кнежевсто[135].

Меѓутоа, и покрај сестраното воено-дипломатско и црковно-културно ангажирање на Византија во овие погранични македонски краишта, и покрај ангажуирањето во сето тоа и на такви способни словенски дејци, какви што биле Константин-Кирил и Методиј — Бугарите ја отстраниле нејзината власт од поголем дел на Методиевото „словенско кнежевство" уште во 50-те години на IX век[136]. Тоа станало во времето на кнезот Борис (852—889), кога тој, спуштајќи се од север[137], до самиот крај на 855 година успеал да ги потчини Словените кои живееле по реките Брегалница и Струмица[138]. Во прилог на тоа говорат, освен вестите од еден летопис, дека Борис го примил „царството" на реката Брегалница (и на рѣцѣ Брегалници... прїемь царьство)[139] и податоците од Житието на Тивериополските маченици, со кои Теофилакт истакнува дека тогаш жителите на Тивериопол (Струмица) биле исто така натерани да се признаат за робови на Бориса и да

---

[132] А. Теодоров—Балан, Кирил и Методи, II, стр. 143—144; Документи, I, стр. 63—65 и бел 243.

[133] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966, стр. 80—81 сп. и Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 181 и сл.

[134] Документи, I, стр. 64; сп. и Н. Дурново., Ещо о произхождении старославянского языка и письма. Byzantinoslavica, III/1. Praha 1931, стр. 73.

[135] С. В. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 95 и сл.

[136] В. С. Киселков, Славямските просветители Кирил и Методий. София 1946, стр. 94; Б. Панов, В какой област Македонии был Мефодий князев стр. 374—375.

[137] В. А. Бильбасов, Кирилл и Мефодий по документальным источникам, ч. 2. С. — Петербург 1871, стр. 4.

[138] Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење, стр. 140.

[139] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София 1970, стр. 283.

се потчинуваат на неговата господарска заповед[140]. Кнезот Борис од средината на 50-те години почнал да продира и во областите од десната страна на реката Вардар и до 864 година, кога склучил мир со Византија, успеал да потчини поголем дел од Југозападна Македонија и од Албанија[141]. Тогаш на Борис, известува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици., „немалку народи му се потчиниле"[142]. Од Пространото Климентово житие се дознава дека Борис ги владеел Белград со другите околни српски градови и области, брегалничко-струмичките, охридско-деволските краишта, како и други македонски и албански области[143].

Кон крајот на IX век новиот бугарски владетел Симеон (893—927) ја обновил војната со Византија и притоа успеал да потчини нови македонски области. До почетокот на X век тој успеал да ја помести бугарската граница од планината Беласица[144] надолу, доближувајќи ја на 22 км до Солун[145]. Со мировниот договор од 927 година, Византија и официјално ѝ ги признала на Бугарија освоените српски, македонски и албански терито. ии од вермето на Пресијан, Борис и Симеон за нејзини провинции, а жителите за бугарски поданици[146].

Брегалничката област, која во времето на Борис потпаднала под бугарска власт, за полесно владеење била опфатена во посебна воено-административна единица наречена комитат. На такви комитати била поделена целата територија на бугарската држава. Од расположливите извори се дознава дека нив ги имало вкупно 10[147]. Средиштето на т.н. Брегалнички комитат, во чии рамки влегувала поширока територија, се наоѓало во утврдениот град Брегалница[148]. Од Житието на Тивериополските маченици се дознава дека за време на владеењето на Борис на

---

[140] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae. Martyrium..., col. 205, B; сп. Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење, стр. 140—141.

[141] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125.

[142] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae ,Martyrium..., col. 201, A.

[143] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 121, 125 и сл.; сп. Ј. Калић—Мијушковић, Београд у средњем веку. Београд 1967, стр. 32; Б. Панов Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење, стр. 141 и сл.

[144] В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, I/2, Софија 1934, стр. 25; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 236—237.

[145] Ф. И. Успенский, Пограничный столб между Византией и Болгарией при Симеоне. — ИРАИК, III. София 1898, стр. 184 и сл.; сп. и Г. Баласчев, Новонайдениятъ надпис от времето на цар Симеона. — Български преглед, IV/XII, стр. 61—68; Р. А. Наследова, Македонские славяне..., стр. 91; Б. Панов, Охрид и Охридсъата област во време на бугарското владеење, стр. 151 и бел. 97.

[146] Вид.: Документи, I, стр. 78, бел. 332.

[147] Bertini, Annales, pars III, sub anno 866, Mon. Germaniae, I, p. 473; сп. Ив. Венедиков, Климент Охридски и Добета. — Сборник „Климент Охидски 916—1966", изд. на БАН. София 1966, стр. 314—315; Д. Ангелов, Българската държава и славянската писменост и култура. — Сб. „Константин—Кирил Философ", изд. на БАН. София 1969, стр. 10—11.

[148] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 385. Од градот Штип според. С. Антољак потекнувал и византискиот војсководач Леон од времето на Василиј I (867—886) кого што го нарекувале „Стипион", т.е. Штипјанин (ὃν ἀπο Στυπείου ἐκάλουν) (S. Antoljak, Makedonija u 9. stoleću, str. 36).

чело на Брегалничкиот комитат стоел комитот Тарадин (κόμης Ταριδῆν[149]). Кнезот Борис преку комитот Тарадин, како и преку другите комити, кои според Теофилакт Охридски му биле „служители и исполнители на заповедта"[149a], дејствувал во затврдувањето на неговата власт во штотуку завладеаните македонски области[150]. Во затврдувањето на бугарската власт комитите дејствнвале освен со потчинетиот воено-административен апарат и војската и со помошта на црковните органи[151], каков што бил случајот со комитот Тарадин кога го смирувал населението на Струмица со помошта и на повеќе епископи[152]. Тоа пак говори дека кнезот Борис само што го примил христијанството од страна на Византија за државна вера во 864 година[153] во Македонија биле возобновени или создадени повеќе епископии, кои сѐ до изградувањето на словенски свештенички кадар од Климент и Наум Охридски[154], биле раководени од грчки епископи. „Оттогаш ,пишува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици, епископи се поставуваат и свештеници во многу се ракополагаат, и свети храмови се подигаат"[155]. Во истото житие Теофилакт го вели и тоа, дека во струмичко-брегалничките краишта биле возобновени од Борис и голем број од „божјите храмови" кои ги разурнале Аварите и Словените[156].

Дека кнезот Борис интензивно подигал нови цркви говорат и вестите од еден апокрифен летопис од XI век. Во него меѓу другото се вели дека Борис „создаде цркви... и на реката Брегалница" (създа цръкви... и на рѣцѣ Брѣгалници), а исто така и „на Овче Поле создаде бели цркви" (на Овчи Поли създа Бѣли Цръкви).[157]

Од Житието на Тивериополските маченици се дознава дека тогаш Борис ја обновил и Брегалничката епископија, за чиешто изградување комитот Тарадин ангажирал „многу работници". Од истото житие се дознава и тоа дека кнезот Борис наредил на ова „свето место" да бидат донесени и моштите од откриените Тивериополски маченици, но дека при тоа остро реагирале жителите на Тивериопол (Струмица). На крајот по долги натегања и застрашувања дури и со смрт, тие се „согласиле" да се однесат само моштите на тројцата светци: Тимотеј, Комасиј и Евсевиј[158]. Со тоа пак што од тиверидолскиот „свет храм" биле однесени

---

[149] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martirium..., col. 201, D; 205, B; сп. и Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 237—238 и бел. 198; С. Antoljak, Makedonija u 9. stole , стр. 34; В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 385.

[149a] Ibid. col. 205, B.

[150] Б. Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење, стр. 145 и сл.

[151] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martirum..., col. 205, B

[152] Ibid., col. 205, B; сп. и Б. Панов, Охрид..., стр. 145 и бел. 53.

[153] В. Гюзелев, Княз Борис Първи, стр. 179 и сл.; 406 и сл.; сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский, стр. 175; Б. Панов, Охрид, стр. 145 и сл.

[154] Б. Панов, Охрид, стр. 146 и сл.

[155] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martirium..., col. 200, C.

[156] Ibid., col. 189, B; 200, C—D. Под изразот Βούλγαροι овде се подразбираат Словените. Види: Й. Иванов, Българите в Македония. София 1917, стр. 17—18.

[157] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 283 и бел. 1.

[158] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 201, C. — 205, D.

дел од моштите, секако се сакало да се подигне религиозното ниво на изградената Брегалничка епископија, на кое место можеби Борис и го примил „царството“ на Бугарија. Инаку, во соседство на Брегалничката епископија во овој период се наоѓала покрај Тиверипол-ската (Струмичката) епископија и Дарданската, чии епископи Теоктист Тивериополски и Јован Дардански се споменуваат и во актите од Фотиевиот црковен собор, одржан во 879 година[159]. Според вестите од т.н. Диканжов список на охрдиските архиепископи, во 893 година на чело на Струмичката епископија Симеон го поставил Климент Охридски[160]. Со тоа оваа епископија била удостоена со словенски епископ. Инаку, пред да биде назначен за прв „словенски епископ“[161], Климент дејствувал како учител во областа Кутмичевица, која ги опфаќала охридско-деволските краишта. За време на својата седумгодишна учителска дејност (886—893 г.), Климент успеал да изгради околу 3.500 словенски учители и свештеници. Од неговото Пространо житие се дознава дека тој од секоја црковна област (енорија) имал свои избраници по 300 ученици, без нивните помошници[162]. Секако дека такви избраници Климент имал и од Брегалничкиот крај. Во прилог на тоа говорат и податоците од Житието на Тивериполоските маченици, со кои Теофилакт известува дека уште во времето на Борис Брегалничката црква била удостоена со словенска богослужба[163].

Брегалничката црква за време на владеењето на Симеон ги добила моштите уште на двајца Тивериополски светци. Тоа биле Сократ и Теодор чии мошти по наредба на Симеон ги пренел „од Тивериопол во Брегалница“ и ги положил во тамошниот храм комитот Дистр (κόμης Δίστρος)[164].

Словенските свештеници, кои биле ставени во служба на бугарскиот двор, преку популаризирање на „чудата“ на светците од Брегалничкиот храм, успеале најпосле да му зададат дефинитивен удар на паганството и во Брегалничкиот крај. Со тоа и во овој македонски крај, каков што бил случајот и со другите потчинети македонски краишта, било во времето на Симеон — истакнува Теофилакт Охридски во Климентовите житие — „утврдено православието со насекаде изградените цркви“[165].

---

[159] Гръцки извори за българската история, IV София 1961, стр. 117; сп. и S. Antoljak, Makedonija u 9. stoljeću, стр. 34.

[160] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 565; сп. и Б. Панов, Климент Охридски. — Историја, г. III, бр. 1. Скопје 1967, стр. 45 и сл.; Ив. Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски. — Сб. „Климент Охридски“, изд. на БАН София 1966, стр. 291 и сл.

[161] Вид. Н. Л. Туницкий, Св. Климент, епископ словенский, стр. 114, 218 и сл.

[162] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 127; сп. и Б. Панов, Охрид, стр. 148 и сл.

[163] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martirium..., col. 208, D; сп. и Б. Панов, Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од XI до XII век. — Македонска музика, 2. Скопје 1978, стр. 44.

[164] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Marytrium..., col. 213, A.

[165] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 129.

Заради таквата своја дејност Брегалничката епископија била удостоена од бугарските владетели Борис и Симеон со ред привилегии, имоти, зависно население и сл. Голем број од доделените имоти биле конфискувани од лицата кои не се откажувале од своите пагански обичаи како и од оние кои не сакале да ѝ се потчинат на бугарската власт. Дека бугарските владетели и во Брегалничката област ангажирале големи воени сили во сузбивањето на отпорот на населението, известува и Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици. Имено, тој истакнува дека во времето на Симеон во Брегалница биле стационирани голем број бугарски војници, „коишто живееле небрежно и имале небрежно поведение"[166]. Инаку, уште во времето на Борис, нагласува Теофилакт, во покрстувањето на поданиците на бугарската држава биле ангажирани покрај црквата и војската[167].

За време на бугарското владеење (855—969 г.) во Брегалничката област се забрзал и процесот на феудализацијата. Тоа е период кога во рамките на бугарската држава биле формирани феудалните општествени односи. Под влијание на бугарскиот феудализам се повеќе и повеќе почнале да се разложуваат слободните селски соседски општини. Како кезултат пак на раслојувањето на членовите на општините дошло до појавата на сè поголема имотна нееднаквост, што водело и до создавање на феудалните односи. За тоа дека во овој период постоеле луѓе кои се гордееле „со богатство", како и такви кои биле испраќани „на ангарија со царски поштар" во Брегалничкиот крај — се вели и во Житието на Тивериополските маченици[168]. Со бесплатна (ангариска) работа бил изграден и Брегалничкиот храм, кога комитот Тарадин ангажирал „за работа многу работници"[169]. Во Житието на Тивериополските маченици, исто така се вели дека во Брегалничката област имало и такви сиромаси кои биле принудени да одат „од куќа во куќа" за да добијат „потребна храна"[170].

Расположливите изворни податоци од Житието на Тивериополските маченици, иако на прв поглед доста оскудни, сепак овозможуваат донекаде да се согледаат антагонистичките спротивности што настанале со воспоставувањето на феудалните односи во Брегалничката област.

Во Брегалничката област феудализацијата особено широки размери земала во времето на царот Петар (927—969), кога дошло до осетно заострување на класната борба, која се изразила и преку појавеното богомилско движење.

---

[166] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 217, C; сп. и Б. Панов, Охрид, стр. 145.

[167] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 200, B—C.

[168] Ibid., col. 212, C; 217, Б; сп. и Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област, стр. 241.

[169] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Martyrium..., col. 201, C—D—204,A.

[170] Ibid., col. 216, A—B.

СЕМИНАР ЗА ... СКО

Богомилството кое како учење и движење за првпат се појавило во времето на царот Петар и тоа на македонска почва, со средиште во Западна Македонија[171], бргу се проширило во сите македонски области., продирајќи потоа и во соседните и подалечни земји. Брегалничката област била зафатена од ова антицрковно, антифеудално и ослободително движење[172] уште во почетокот на неговото појавување. За тоа придонеле и Климентовите ученици кои по завршувањето на Охридската школа дејствувале во одделните македонски области како учители и свештеници. Потковани со солидни знаења тие можеле подлабоко да проникнат во толкувањето на „светите писанија", што довело до нивно спротиставување на проповедите на органите на официјалната бугарска црква. Против органите на оваа црква морал да истапи дури и нејзиниот најголем заштитник-презвитерот Козма. Во својата Беседа против богомилите тој истакнува дека голем број од официјалните црковни органи кои биле зафатени од блуд, алчност за богатство и сл., станале причина голем број од верниците да и' пристапат на богомилската ерес[173]. Незадоволните Климентови ученици под влијание на старите дуалистички учења: павликијанството, манихејството, масилијанството и др., како и под влијание на конкретните историски услови, го создале богомилското ученње кое бргу потоа се претворило во масовно народно движење, насочено како против учењето на официјалната црква, која се претворила во феудална институција, така и против нејзините органи, потоа против феудалните господари, органите на бугарската држава, а и самиот бугарски цар Петар[174].

Од богомилското движење набрзо биле масовно зафатени и брегалничките краишта. Во прилог на тоа говорат и големиот број настани што се случиле во овие краишта и нашле одраз во одделните апокрифи и житија, како и имињата на повеќе села кои се сметаат за богомилски. Така, името на с. Кутугерци, оддалечено 12 км од Осоговскиот манастир, потсеува на богомилска населба, бидејќи во средновековието богомилите се нарекувале и кутугери (κουδούγεροι). Исто така името на осоговското село Богослов е во врска со саканиот апостол и евангелист Јоан Богослов кај богомилите, псевдоавторот на Тајната книга на богомилите. Ј. Иванов за богомилски назив го смета и името на с. Еремија кое лежи во подножјето на Осоговската Планина. Притоа го доведува во врска со пророкот Јеремија, авторот на апокрифниот Апокалипсис, како и со познатиот писател и распространувач на апокрифите, попот Јеремија. Како село кое го добило своето име под влијание на богомилите, Иванов го навел и с. Недокрштеница,

[171] Вид.: Д. Ангелов, Богомилството в България. София 1969, стр. 146 и сл.; Б. Панов, Охрид, стр. 156 и сл.

[172] За карактерот на богомилското движење, види: Б. Панов, Богомилското движење во Македонија. — Историја, I/1. Скопје 1965, стр. 51 сл.

[173] Д. Ангелов, Богомилството в Българтия, стр. стр. 117 и сл.; Б. Панов, Охрид, стр. 156.

[174] Документи, I, стр. 80.

кое се наоѓа западно од Осоговската Планина, во пчинскиот Козјак. Името на тоа село според него било во врска со богомилите кои не сакале да се крштаваат[175].

Соочен со брзото ширење на богомилството во Македонија, царот Петар бил принуден да се обрати за помош и до официјална Византија. Во прв ред помош му укажал цариградскиот патријарх Теофилакт, кој исто така бил заинтересиран „новопојавената ерес“ што по брзо да се искорени[176]. Меѓутоа, ни неговите совети, ниту пак затворите, убиствата на голем број богомили не помогнале да се ликвидира опасната богомилска ерес[177]. Напротив, како што известува презвитерот Козма во својата Беседа против богомилите, богомилството како „заразна болест“ опфаќало сè поголем број домови, во што многу придонесувале богомилските пропагатори коишто народните маси ги сметале за луѓе кои „страдаат за правда“[178].

Кон крајот на владеењето на Петар, богомилството во Македонија зело толку широки размери, што влијаело да се создадат поволни услови и за организирање на ослободително востание против Бугарија на чело со синовите на кнезот Никола — комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил.

## IV

Непосредно по смрта на царот Петар, кон крајот на јануари 969 г., во Македонија било кренето востание против бугарската власт. Иако синовите на Петар-Борис II и Роман биле ослободени од византиското заложеништво и испратени од византиската централна власт да го „преземат татковото царство и да ги спречат комитопулите во натамошното напредување“[179] за кратко време била отстранета бугарската власт од Македонија и уште истата 969 г. создадена нова словенска држава на чело со комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил[180]. Седиштето на новосоздадената македонска држава, во науката позната и како Самуилова држава (по основоположникот на царската династија) до почетокот на XI век се наоѓало во Преспа, а потоа било префрлено во Охрид[181].

Брегалничката област уште во почетокот на 969 г. била опфатена од востанието и приклучена кон македонската држава. Во прилог на тоа говорат и изворните податоци од Хрониката на Јован Скилица со кои тој известува дека комитопулот Арон до неговото убиство од

---

[175] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 36, 164; сп. и Д. Ангелов, Богомилството, стр. 149.

[176] Документи, I, стр. 75—77.

[177] Ibid., 76—77.

[178] Ibid., 79.

[179] Ibid., 87—88.

[180] Опстојно за тоа види: С. Антољак, Самуиловата држава. Скопје 1969, стр. 12 и сл.

[181] Документи, I, 90; сп. Й. Иванов, Цар Самуиловата столица Преспа. — ИАД. I (1910⁰), стр. 55 и сл.

братот Самуил во 976 г. живеел во околината на Раметаница (ἐν τῇ τοποθεσίᾳ τῆς Ῥαμετανίτζας) заедно „со целиот свој род"[182]. Сите научници кои се бавеле со локализирањето на топонимот „Раметаница" биле еднодушни во тоа дека тој требал да гласи Разметаница и дека се однесувал на месноста по која тече реката Разметаница, десната притока на Герман што се влева во Струма, т.е. месноста во која се простирале Ќустендил и Дупница[183].

Без аргументација е гледиштето на Н. Благоев кога врз база на ова известување на Ј. Скилица заклучил, дека во времето на Петар „во Брегалничката област имало комис а тоа судејќи по се бил таткото на цар Самуил... Никола"[184]. Поблиску до вистината се научниците што се изјасниле во прилог на тоа, дека комитот Никола стоел на чело на Деволскиот комитат чие средиште го сочинувал Преспанскиот крај[185]. Во прилог на тоа говори не само фактот, дека Преспа станала центрар на Самуиловата држава, туку и надгробната плоча од с. Герман, на која, покрај другите, Самуил го исклесал и името на таткому Никола[186].

По вклучувањето на Брегалничката област во македонската држава започнало со интензивна градба на утврдени градови и попатни тврдини, каков што бил случајот и со другите македонски краишта[187]. Од изворните податоци се дознава дека тогаш настанала и штипската тврдина (φρούριον... τοῦ Στουπείου; Στυπείου)[188]. Како словенска населба Штип почнал да се развива и пред тоа, но сега поради својата значајна местоположба бил претворен во вистински град-тврдина. Градот бил изграден на ридот од левата страна на реката Брегалница, на местото каде и денес се видливи остатоци од тврдина, која населението на Штип ја вика „Исарот"[189].

---

[182] Документи, I, стр. 90; Гръцки извори за българската история, VI. София 1965, стр. 276; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 38 и сл.

[183] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 38—41.

[184] Н. П. Благоев, Критически поглед върху известияата на Иаон Скилица за произхода на цар Самуиловата държава. — Македонски преглед, II/4 (1926), стр. 20—21.

[185] Ив. Вендиков, Климент Охридски и Добета, стр. 316; сп. и Т. Томоски, По трагегите на средновековниот град Девол. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1 (27). Скопје 1975, стр. 188 и сл.; од истиот, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија. — Историја, X/1. Скопје 1980, стр. 150 и сл.

[186] Документи. I, стр. 91.

[187] Види: Б. Панов, Струмичката област во времето на Самоил. — Зборник „Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава", изд. на Институтот за национална историја. Скопје 1971, стр. 150 и сл.; Т. Томоски, Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век. — Зб. „Илјада година..., стр. 107 и сл. од истиот, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лалкавица. — Годишен зборник на Фил. факултет, 4 (30) Скопје 1978, тр. 267 и сл.

[188] Гръцки изори, VI, стр. 286, 291; Византијски извори за историју народа Југославије, III. Београд 1966, стр.; 112 и бел. 111, 126; сп. и Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 279.

[189] Види: Й. Иванов, Северна Македония, стр. 200; П. Завоев, Град Щип. — Македонски преглед, III/3 (1927), стр. 39 и сл.; В. Недков, Историскоурбанен развој на Штип. — Зборник на Штипскиот народен музеј, IV—V. Штип 1975, стр. 69 и сл.; Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 278 и бел. 48—50.

Уште во времето на Самуил и неговите наследници Штип израснал во поголема градска населба. Во прилог на тоа говорат и податоците од Ј. Скилица, со кои известува дека императорот Василиј II кога 1018 година поминал низ Штип бил пречекан со „молитви и химни“ од населението на овој град[190]. Инаку, средновековен Штип, земено во целина, се состоел од два дела: внатрешен град (φρουρίον — тврдина) и надворешен град (подградие). За овој град карактеристичн е тоа што надворешниот град останал неутврден и бил оддалечен од внатрешниот град, кој бил опкружен со дебели ѕидови и на места зајакнат со одбранбени кули[191]. Причината за тоа С. Лишев ја бара во неговиот брз растеж, што било резултат на неговата развиена стопанска дејност, бидејќи голем број жители се занимавале со земјоделска дејност[192].

За претворувањето на градот Штип во значаен стопански и воено-стратегиски центар во Североисточна Македонија, влијаела и неговата местоположба. Покрај тоа што Штип лежел на важни крстопати[193] низ него минувал и т.н. „царски пат“, кој одел од Цариград преку Струмица и Радовиш за Скопје[194]. Поради тоа како градот-тврдина Струмица[194а] и другите соседни градови[195], така и Штип бил обезбеден со своја тврдина во која била сконцентрирана поголема војска. За време на опасност во штипската тврдина се засолнувале и жителите од подградието.

Расположивите изворини податоци не го претставуваат Штип и како црковно средиште. Изгледа во овој период сè уште поинтензивен црковен живот се одвивал по горниот и средниот тек на реката Брегалница, каде што постоеле силни црковни традиции уште од предсловенскиот период.

Во науката поради недостиг од изворни податоци сè уште не е даден одговор на прашањето:кога бил пренесен епископскиот центар од Брегалница во градот Мороздвизд, кој лежел на реката Брегалница, јужно од Кочани, на местото на денешното едноимено село Мороздвизд[196]. За Мориздвизд како град -тврдина кој егзистирал во рамките на македонската држава говори и Јован Скилица[197]. Според вестите од I хрисовул на Василиј II даден на Охридската архиепископија 1019 година, Мороздвизд израснал во епископско седиште. На мороздвиздскиот епископ му биле потчинети Козјак, Славиште, Злетово, Лукавица, Пијанец и Малешево[198].

---

[190] Грьцки извори, VI, стр. 291.

[191] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 200: Д. Ангелов, Към въпроса за средновековния български град. — Археология, II/3 (1960), стр. 12; С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 17—18 и сл.; Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 280.

[192] С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 17, 93, 174.

[193] Вид. Г. Шкриванић, Путеви у средњевековној Србији. Београд 1974, стр. 16, 38, 91—92, 100—102; Б. Алексова, Баргала—Брегалница, стр. 6 сл.

[194] Грьцки извори за българската история, VII. София 1968, стр. 91—92.

[194а] Б. Панов, Струмичката област во време на Самоил, стр. 150 и сл.

[195] Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 267—287.

[196] Б. Алексова, Баргала—Брегалница, стр. 22 и сл.

[197] Грьцки извори, VI, стр. 290.

Пренесувањето на епископската катедра од градот Брегалница во Мороздвизд најверојатно станало уште во почетокот од создавањето на македонската држава. Можно е градот Брегалница да настрадал уште во 969 година кога било кренето востанието на комитопулите против бугарската власт, кога тој како седиште на Брегалничкиот комитат бил изложен на жестоки напади од страна на востаниците. Во прилог на тоа говорат и големиот број скелети откопани во околината на Брегалница, околу црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак, како и пронајдената бронзена монета од Јован Цимискиј (969—976)[199].

На местото на разурнатиот град Брегалница изникнала нова градска населба, која уште во времето на Самуил била претворена во град-тврдина, кој од изворите е познат како Козјак (Κοζιακὸς). Тој се наоѓал на просторот на с. Горен Козјак, за што говорат и остатоците од една тврдина опкружена со ѕидови, позната под името „Градот"[200].

Од почетокот на XI век, кога императорот Василиј II ја проширил војната со царот Самуил на целиата територија на македонската држава, и утврдените градови и попатни тврдини во Брегалничката област биле изложени на зачестени напади од страна на византиската војска. Византиската опасност во Брегалничката област особено се зголемила по 1004 година, кога Самуил доживеал тежок пораз кај Скопје и кога овој важен воено-стратегиски центар за македонската држава поминал под власта на Византија[201]. Со заземањето на Скопје на Василиј II му било олеснато навлегувањето во внатрешноста на Македонија. Императорот Василиј II, соопштува Јован Скилица, „секоја година" од почетокот на XI век почнал да навлегува во Македонија по царскиот пат кој ја поврзувал Струмица со другите македонски градови. Затоа царот Самуил „бидејќи знаел, вели Скилица, дека императорот обично навлегува низ таканаречената Кимба Лонгу и Клидион, решил да го прегради достапот на императорот во оваа теснина. Така, тој издигнал многу широка преграда, на неа поставил сигурна посада и го сочекал императорот"[202].

Преградата била изградена на најтесното место каде што се доближуваат планините Беласица и Огражден, т.е. во т.н. Клучка Клисура, која ја споменува и Михаило Аталијат[203]. Кога во летото 1014 година Василиј II преку Струма се упатил по долината на р. Струмица го нашол патот за Струмица затворен. На 29 јули истата година во

---

[198] Ibid., 42; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 77 и сл.; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия. I. София 1924, стр. 174 и сл.; Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 286—287.

[199] Б. Алексова, Баргала-Брегалница, стр. 25.

[200] С. Михайлов, Козяк и Брегалнишката епископия. — Известия на Българския археологически институт, XV. София 1946, стр. 1—24; Б. Алексова, Баргала—Брегалница, стр. 22 и сл.; од истата, Придонес од истражувањата во Баргала-Брегалница, стр. 13 и сл.; З. Расолкоска-Николовска, Црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите истражувања. — Зборник „Кирил Солунски", 1, изд. на МАНУ. Скопје 1970, стр. 219 и сл.

[201] Гръцки извори, VI, стр. 282—283.

[202] Ibid., 283.

подножјето на планината Беласица дошло до жестока битка меѓу војските на Василиј II и Самуил. Оваа т.н. Беласичка битка била катастрофална за Самуил. Самиот цар Самуил едвај се спасил кога син му Гаврило Радомир успеал да го префрли во Прилеп. Во битката Самуил изгубил голем број војници, а биле заробени и околу 14—15.000 души. Василиј II брутално се однел спрема заробените војници: ги ослепил оставајќи на секој сто само по еден едноок да ги водат до нивниот цар во Прилеп. Кога ги видел осакатените војници-се вели во изворите-Самуил добил срцев напад и умрел на 6 октомври 1014 г[204].

Императорот-победител Василиј II, дознавајќи во Мосинопол за смртта на својот омразен непријател, презел нова офанзива против македонската држава, на чие чело тогаш стоел синот на Самуил, Гаврило Радомир. Јован Скилица известува дека Василиј II напуштајќи го Мосинопол навлегол во Македонија и ги „изгорел дворците на Гаврило во Битола". Веднаш потоа тој „испратил војска која ги освоила тврдините Прилеп и Штип"[205].

Иако градот Штип бил освоен во есента 1014 година од византиската војска, Брегалничката област сè уште не била ставена целосно под византиска власт. Јован Скилица известува дека дури по смртта на последниот македонски цар Иван Владислав (1018 г.) доброволно бил предаден градот Мороздвизд, кога преставници од овој град заминале за Мосинопол каде што во присуство на претставниците од Пелагонија и Липљан официјално му ги предале на Василиј II своите градови[206]. Веднаш потоа Василиј II заминал во Серез каде го дочекал и струмичкиот управник Драгомуж, кој му ја предал Струмица и „тврдините во Струмичката област". Од Серез Василиј II заминал за Струмица, каде што пристигнал и архиепископот Дадвид со писмо од царицата Марија, жената на Иван Владислав, со кое нудела услови за предавство на својата држава. Во Струмипа пристигнал и Богдан, топархот на внатрешните тврдини, кој откако му ги предал овие тврдини бил удостоен со патрициски чин. Од Струмипа Василиј II заминал за Скопје, каде го оставил за управник Давид Аријанит, а потоа се повратил и „преку тврдините Штип и Просек, каде бил со молитви и химни поздравен и прославуван" од населението, се упатил „на десно" и пристигнал во Охрид, каде што му се предале сите членови на македонското царско семејство и се добрал до големо богаство[207]. На тој начин кон крајот на 1018 година бил ставен крај на постоењето на македонската држава. Оттогаш на секаде низ Македонија била воспоставена византиската власт.

---

[203] Ibid., 186.
[204] Ibid., 283—284; сп. и Б. Панов, Струмичката област во време на Самоил, стр. 149—168.
[205] Гръцки извори, VI, стр. 286.
[206] Ibid., 290.
[207] Ibid., 291—292.

## V

Во почетокот на 1019 година императорот Василиј II победоносно се вратил во Цариград, влегувајќи „низ големата врата на Златните порти, овенчан со златна корона“. Како трофеи со себе ги носел царицата Марија со голем број членови на македонското царско семејство и претставниците на македонската аристокератија[208]. На тој начин македонскиот народ бил лишен од своите водачи, претставниците на Самоуиловата царска династија.

Пред да ја напушти Македонија Василиј II им наредил на своите соработници, кои заведувале ред во оваа „варварска земја“, да ги разурнат сите градови и тврдини кои би можеле да се претворат во упоришта за давање отпор против византиското господство. Во оние пак, што биле оставени, Василиј II наредил да сместат византиски гарнизони, поставувајќи им „управници од Ромеите“[209].

Градот Штип и неговата област биле доста засегнати од таквата политика на императорот Василиј II. Тврдината Штип, која била со сила освоена од византиската војска кон крајот на 1014 година, најверојатно била до темел разурната, за да не станала упориште за давање отпор против византиската власт. Подградието на Штип, кое било малку одалечено од тврдината, продолжило да егзистира како градска населба. Иако во I хрисовул на Василиј од 1019 не се спомнува Штип меѓу местата кои влегувале во рамките на Мороздвиздската епископија, тоа не значи дека овој град не го продолжил својот живот. Дека градот Штип (Στυπίου) егзистирал кон крајот на XI век во близина на реката Вардар, истакнува во својата „Историја“ и Никифор Вриениј[210]. Но, иако населението од градот Штип со „молитви и химни“ го пречекало во 1018 година императорот Василиј II, тој бил оневозможен да се развие во град-тврдина. Таков бил случајот и со престолнината на македонската држава, градот Охрид, кој исто така останал да егзистира без да биде утврден со ѕидини, иако наслелението од овој град „со радосни извици“ го дочекало Василиј II во 1018 година[211].

За полесно владеење на Македонија целата нејзина територија Византија ја поделила на повеќе воено-администраривни единици (теми)[212]. Од еден документ (практик), кој се однесува на манстирот Богородица Милостива кај Струмица и е датиран од 1152 г. се дознава дека покрај Струмичката тема (θέματι Στρουμίτζης) на територијата на Македонија постоеле и поголем број други теми (θέμασι)[213].

---

[208] Ibid., 296.

[209] В. Р. Розен. Имиератор Василий Болгоробойца. С. Петербург 1883, стр. 110; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв., стр. 255; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје 1971, стр. 295.

[210] Грьцки извори, VII, стр. 120.

[211] Грьцки извори, VI, стр. 291.

[212] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 227 и сл.

[213] Грьцки извори, VII, стр. 84—90; сп. и Л. Милетич, Струмичките манастирски черкви при с. Водоча и с. Велюуса. — Македонски преглед, II/2 (1926), стр. 43 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 288, бел. 1.

Од расположливите изворни податоци не е можно да се утврди дали Брегалничката област била опфатена во посебна тема или пак во рамките на некои од соседните македонски теми: Струмичката, Вардарската и Скопската, што ги споменува и Теофилакт Охридски во своите писма[214]. Поради својата важна стратегиска местоположба, Брегалничката област најверојатно била опфатена во посебна тема.Во прилог на тоа говори и податокот од грамотата на императорот Алексиј III Ангел (1195—1203), дадена 1199 г. на венецијанскиот дужд Енрико Дандоло, со кој се наведува дека тогаш покрај „Провинцијата Триадица (Софија) и Велбужд" постоела и „Провинција Малешево и Мороздвизд" (Provincia Malesovi et Morovisdii)[215]. Дека во текот на XII век егзистирале Мороздвизд и Малешево како градови, говори и Идриси во својата „Географија ". Притоа тој истакнува дека Фурумиздус (Мороздвизд)" е многброен град (расположен) на врвот на една планина (височина). Тој има лозја и опширни обработливи полиња". За Маласува (Малешево) пак соопштува дека „тој град е (расположен) во подножјето на една планина, има многу дрвја (овошни), опширни месности, прекрасни градини и многу земјоделски култури"[216].

Во науката сѐ уште постои жива полемика околу постоењето на градот Малешево во овој период. Ј. Иванов и Ив. Снегаров сметаат дека во XI и XII век не постоел град Малешево, тука само област[217]. За разлика од нив постои друга група научници кои се застапуваат дека постоел град Малешево, кој станал и епископско седиште[218]. Во прилог на тоа дека во овој период постоела Малешевска епархија говорат и вестите од писмата на Теофилакт Охридски[219], како и еден од епархиските списоци од времето на Алексиј I Комнин[220]. Од друга страна, пак, од I хрисовул на Василиј II, како и од еден од епархиските списоци од времето на Алексиј I Комнин, се дознава дека во текот на XI век постоела и Мороздвиздската епархија[221]. Тоа пак значи дека епископското седиште било преместено од градот Мороздвизд во градот Малешево, како што порано било преместено од Брегалница во Мороздвизд. Според Гелцер преместувањето на епископското седиште станало кон крајот на XI

---

214 Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 282.

215 Jus Graeco—Romanum, III, ed. C. E. Zacharie a Lingenthal. Lipsiae, 1857, p. 560; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 78; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 268; Т, Томоски, Овче Поле во средниот век. — Годишен зборник на Фил. факултет, 4 (30). Скопје 1978, стр. 245; од истиот, Средновековни градови во Македонија, стр. 279.

216 Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, стр. 41, 114, бел. 63 и 64.

217 Й. Иванов, Северна Македония, стр. 78; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 174—176; Такво гледиште во поново време прифатил и Лишев (С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 49).

218 Вид.: Т. Томоски, Средновековниот град Малешево. — Историја, VII/1, Скопје 1971, стр. 161—164 и наведената таму литература.

219 Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae Epistolae, ed. J. P. Migne. PG., t. CXXVI. Paris 1864, col. 432, A.

220 Гръцки извори, VII, стр. 105.

221 Ibid., 107.

век[222]. Таквото гледиште е прифатливо, бидејќи според изворите од тогаш датира и постоењето на Малешевската епархија.

Во организационен поглед Мороздвиздската епархија уште во почетокот на византиското владеење била уредена во рамките на Охридската архиепископија, која била ставена во служба на византиската држава. Преку Охридската црква византиските императори ангажирано дејствувале за да ги принудат поданиците во Македонија без отпор да и се потчинуваат на византиската власт. Тоа тие го правеле преку охридските архиепископи и потчинетите епископи кои исклучиво биле од грчка народност[223]. Слично била уредена подоцна и Малешевската епархија. За беспрекорното извршување на своите должности, епископите на овие две македонски епархии биле удостојувани од византиската централна власт со ред привилегии, богати феудални поседи и зависно население (парици, клирици и др.). Така, според хрисовулите дадени на Охридската архипескопија од Василиј II епископот на Мороздвиздската епархија добил 30 фудално зависни луѓе (парици и клирици), распределени во градот Мороздвизд и во Козјак кој опфаќал околу 60 села, во Славиште со околу 30 села, Злетово, Лукавица, Пијанец со 42 села и Малешево со 15 села[224]. Тоа пак говори дека уште од почетокот на византиското владење и во Брегалничката област почнал забрзано да расте црковно-манастирскиот земјопосед[225].

Од почетокот на XI век едновремено со растежот на црковно-манастирскиот земјопосед забрзано почнал да расте и крупниот световен земјопосед. Како резултат на тоа и во овој дел на Македонија во текот на византиското владеење се наголемил бројот на лицата кои располагале со крупни феудални стопанства и голем број феудално-зависни луѓе (парици, отроци, робови и др.). Еден дел од овие крупни феудалци биле претставници на македонската феудална аристократија, која во повеќето случаи била провизантиски настроена, односно се ставила во служба на византиската држава[226]. Таков бил и архонтот Михаил, кој за време на навлегувањето на голем број Печенези 1048 година преку реката Дунав на византиска територија ги помогнал византиските војски да ги разбијат Печенезите во реонот на Овчеполието (Εὐτζαπέλου)[227].

За наголемувањето на бројот на македонските феудалци во поблиската или подалечна околина на градот Штип во овој временски период се говори и во житијата на Јоаким Осоговски, Гаврил Леснов-

---

[222] Byzantinische Zeitschrift, II (1893), s. 52.

[223] Вид. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 277 и сл.; Историја на македонскиот народ, I,. Скопје 1969, стр. 148.

[224] С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 49; од истиот, Некоторые вопросы феодальных отношений в Болгарии в X в. и в эпоху византийского господства. — Византийский временик, 41 (1980), стр. 29.

[225] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 131—132: С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 145. и сл.

[226] С. Лишев, За стоковото производство във феодална България. София 1957, стр. 65 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 128 и сл.

[227] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 41—42; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 129.

ски и Прохор Пчински. Така, од житието на Јоаким Осоговски се дознава дека во средината на XII век во областа Овче Поле во Осоговската планина владееле тројца браќа-феудалци (Велмочжїи три братїа, иже ѡбладахоу землею тою). Секој од нив располагал со сопствени земји (вь дрьжаве моеи) во кои „никој не смеел да му се спротистави". Најстариот брат кој располагал со голем број зависни луѓе-отроци (повѣ гнь ѿвкѡ свои) му подарил на Сарандапорскиот манастир, основан во Осоговската област од Јоаким Осоговски, 50 овци и два вола[228]. Тоа пак говори дека тој како и неговите браќа располагал во овие краишта со опширни феудални владенија[229].

Од житието на Јоаким Осоговски исто така се дознава дека и во селото Градец кое се наоѓало северно од денешна Криза Паланка живеел доста богат феудалец, кој во својот имот располагал со црква[230].

Драгоцени изворни податоци за постоењето на месна, македонска феудална аристократија во овие краишта на Македонија се наоѓаат и во краткото и опширното житие на Гаврил Лесновски, кој ,инаку, е современик на Јоаким Осоговски. Во краткото житие, на пример, се вели дека самиот Гаврил бил син на благороден и богат родител (ѿцѣ нѣшь Гаврил бѣа'ше влагородноу и Богатоу родителю снь)[231]. Во опширното житие, пак, исто така се вели дека татко му бил доста богат и благочестив (родителемь богату ѕѣло й благочести'вѣ), како и тоа дека родителите го оженилe со девојка од добар и царски род (родители сочета́ша є̑гѡ бракоме ѿ добра й црка род'а)[232]. Од опширното житие се дознава и за тоа дека во овие краишта живееле повеќе месни кнезови кои, заедно со црковни лица, го посетиле Лесновскиот манастир (кнꙙзи пришє'дшє монастирь Лѣсно́вски сотворйша бдені́є)[233].

Од житието на Прохор Пчински исто така се дозанва дека во овие краишта на Македонија за време на византиското владеење биле создадени крупни феудални стопанства. Таткото на Прохор Пчински, кој живеел во XI век, потекнувал од богат род. Родителите на Прохор Пчински, се вели во житието, располагале со свој богат имот, биле благородни зашто раздавале милостиња на сиромашните[234].

За време на византиското владеење во одделните македонски области со забрзано темпо почнал да расте и крупниот земјопосед на византиските феудалци кои биле од разни народности. Според вестите

---

[228] Й. Иванов, Български старини из Мкедония, стр. 395 и сл.; сп. и С. Лишев, За стоковото производство. . . ., стр. 66 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 132, 246; Г. Цанкова—Петкова, за аграрните отношения в средновековна България, стр. 48.

[229] С. Лишев, За стоковото производство. . ., стр. 66; Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношения в средновековна България, стр. 48.

[230] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 408; сп. и С. Лишев, За стоковото производство. . . , стр. 66; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 132.

[231] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 395.

[232] Ibid., 396.

[233] Ibid., 398.

[234] Ibid., 401.

од писмата на Теофилакт Охридски, византиските управници, користејќи се од должностите што ги извршувале спрема државата, се нафрлувале врз незаштитеното население во областите што ги управувале, го ограбувале, го убивале и на голем број лица им ги присвојувале имотите. Тоа пак го принудило Теофилакт во едно писмо да напише, дека таквите управници предизвикале безаконие, бидејќи „сите станаа кожодери“ и поради тоа „се покрија со унижување“[235]. Голем број византиски „архонти“, освен по законски пат (подарок од централната власт и сл.), ги наголемиле своите феудални стопанства и се здобиле со голем број зависни луѓе и преку грабежи на имотите од слободните селски општини[236]. Утврдувајќи се во своите феудални замоци, со својата вооружена придружба тие оделе и кон тоа да си ги наголемуваат имотите преку убивање на законските наследници на соседните имоти[237], или пак преку присилување на истите да поминат под нивна зависност[238]. На тој начин голем број селани ја изгубиле својата слобода и биле претворени во феудално-зависни луѓе[239].

Дел од зависните селани биле задолжени да извршуваат специјална служба во рамките на феудалните стопанства. Таквите зависни луѓе заради тоа биле ослободувани од ред даночни обврски и задолженија. Но, затоа пак, требало да извршуваат лична служба за феудални господари. Во повеќето случаи таквите зависни луѓе ја сочинувале личната придружба на феудалците: свитата, прислугата и сл. Таквите луѓе секогаш им биле на помош на феудалците кога тие ги собирале даноците или кога требало да се извршуваат разни задолженија, услуги и сл. За такви зависни луѓе кои извршувале специјални служби во корист на феудалците се говори и во житието на Гаврило Лесновски. Имено, од него се дознава дека еден од тројцата браќа-феудалци, кои владееле во Осоговската област, откако се разболел им наредил на своите отроци (ѿрькоᵐ своиᵐ) да го однесат заедно со голем број подароци (еден коњ, два вола и десет овци) кај игуменот на Сарандапорскиот манастир за да го излечи[240]. Овие отроци секако ги сочинувале личните слуги на овој феудалец, а најверојатно и неговата свита, односно телохранителите[241].

За разлика од овие зависни лууѓе, останатите феудално-зависни луѓе извршувале најразлични обврски како за византиската држава така и за своите феудални господари. Тоа пак значи дека тие за разлика од селаните кои сè уште живееле во рамките на слободни општини[242]

---

[235] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae Eptstolae, col. 549, A—B.

[236] Ibid., col. 533, D—536, A; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 99.

[237] Ibid., 313, B—C; сп. Ф. Успенский, Образование втораго болгарскаго царства. Одесса 1879, стр. 28, бел. 1.

[238] Ibid., col. 405, C.

[239] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 80 и сл.

[240] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 415.

[241] Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношения в средновековна България стр. 129.

[242] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 69 и сл.; Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство в X—XI вв. Москва 1977, стр. 7 и сл.

и извршувале обврски само за државата, двојно се експлоатирале, т.е. биле натоварени со даночни обрвски и други задолженија кои влегувале во рамките на централизираната феудална рента (за државата) и приватносопственичката феудална рента (за феудалните господари: световни и црковни)[243].

За време на византиското владеење во Македонија егзистирале трите вида феудална рента: одработната, натуралната и паричната[244]. За разлика од времето на Самуил и неговите наследници Гаврило Радомир и Иван Владислав, кога, според вестите од Јован Скилица населението на Македонија било задолжено да го доставува само данокот икомодиј (οἰκομόδιον), данок наложуван на едно стопанство (οἶκος), коешто располагало со обработлива земја и куќа и чиишто размер изнесувал еден модиј жито, еден модиј просо и една мера вино[245], отсега тоа било обременето со ред даночни и разни други задолженија. Со паричната реформа од 1040 година, македонските поданици биле принудени да го подмируваат земјишниот данок (ѕевгологион), за византиската држава во пари а исто и данокот за куќа (капникон), за пасиште (еномион) и други даноци и разни такси. Едновремено македонските данокоплаќачи требало да извршуваат бесплатно разни ангарии: да поправаат или да градат тврдини (кастроктисија), да поправат или да градат мостови (гефире), да поправаат или да градат патишта (одостросија) итн. Тие исто така биле принудени да доставуваат во натура десеток од житото, рибата, виното итн. Покрај тоа феудално-зависните луѓе требало да подмируваат во пари и натура, како и да извршуваат разни ангарии и за своите феудални господари. Исто така сите поданици на Македонија биле принудени да доставуваат во пари и натура црковен данок (канониκон), да обезбедуваат бесплатен стан и храна за војската (митатон), за државните органи (аплектон) и сл.[246].

За овие како и за други даночни и други обврски со кои бил обременет македонскиот народ опширни податоци се наоѓаат и во документите на манастирот Богородица Милостива кај Струмица. Податоците од овие документи, кои се однесуваат на периодот на византиското владеење, говорат за даночните и други обврски не само за Струмичкиот крај, туку и поширoко за Брегалничкиот и другите краишта на Македонија. Така, од хрисовулот на императорот Никифор Вотанијат даден 1079 г. на манастирот Богородица Милостива, се дознава дека македонските данокоплаќачи биле задолжени да доставуваат: митатон, аплектон, за вооружување на војници, копјеносци, да извршуваат ангарии, да доставуваат коли, земјоделски продукти, потоа да доставуваат капникон, воен данок, ѕевгологион, да одржуваат патишта, мостови, да поправаат и да градат тврдини, да доставуваат судски казни (аерикон),

---

[243] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 215 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 136; 190 и сл.

[244] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 165 и сл.

[245] Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България, стр. 143 и сл.

[246] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 189 и сл.

вино, месо, да подмируваат нерегуларни обврски (спирии) и ред други даночни и други обврски[247]. Слични податоци содржат и другите документи на овој манастир[248].

Феудално-зависните луѓе даночните обврски кон византиската држава ги подмирувале индирекно преку своите феудални господари, а оние кои живееле во рамките на слободните селски општини директно им ги доставувале даноците на државните даночни чиновници (практорите). При собирањето на државните даноци и феудалните господари и државните даночни чиновници настојувале секогаш да ги нарушуваат нормите и да извлекуваат од данокоплаќачите што повеќе како би задржале дел и за себе. На тој начин, како што известува Теофилакт Охридски во своите писма, во Македонија се зголемил бројот на оние кои натрупале „илјадници таланти... богатство, покриени со солзи болки"[249]. Оние пак данакоплаќачи кои не биле во состојба да ги подмират даноците, нагласува Теофилакт во друго писмо, биле принудени да ги отстапуваат во ропство своите деца. Од таквите семејства, вели тој, децата биле одведеувани во ропсутво „како едно од добитчињата, од кое се зема едно на пет или на десет"[250].

Поради обременоста од тешките државни даноци и задолженија, како и од оние на феудалните господари (световни и црковни) дошло до осетно влошување на положбарта на македонскиот народ уште во првата половина на XI век. Кон тоа, исто така, придонеле самоволијата што кон незаштитениот народ ги вршеле[251] даночните чиновници и другите византиски државни органи, како и војните што се воделе на македонска почва. Населението од Брегалничката област особено било погодено 1048 година кога голем број Печенези—заробеници Византија населила во Овчеполието.[252].

Тешката феудална експлоатација, наложена како од византиската држава, така и од световните и црковни феудалци била причина уште во почетокот на византиското владеење во Македонија да се засили класната и ослободителната борба. Но тогаш таа била стихијна и неорганизирана.

До поорганизиран отпор против византиското господство во Македонија дошло во почетокот на 40-те години на XI век, кога тој прераснал во масовно народноослободително и антифеудално востание, на чиешто чело застанал внукот на Самуил, незаконскиот син на Гаврило Радомир, Петар Делјан.

Ослободително востание против Византија македонскиот народ кренал во 1040 година, веднаш по воведувањето на паричната реформа, која осетно ја влошила положбата на сите поданици на Македонија.

---

[247] Гръцки извори, VI, стр. 34; сп. Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България, стр. 97.

[248] Гръцки извори, VII, стр. 80—94.

[249] Theophyl., col. 372, A—B; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 191 сл.

[250] Ibid., col. 337, B; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 186.

[251] Ibid., col. 313, B—C; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 222—223.

[252] Гръцки извори, VI, стр. 315; сп. Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 76.

Јован Скилица кој детално говори за востанието нагласено истакнува, дека братот на императорот Михаил IV (1034—1041), Јован Орфанотроф, откако наредил 1040 година главните државни даноци „наместо во натура да се плаќаат во пари“, „месните жители не поднесувајќи го лесно тоа, ја искористиле како згодна прилика појавата на Делјан, ја отфрлиле ромејската власт и се вратиле на стариот си обичај ...“[253] Нешто слично говори и т.н. Продолжител на Скилица. По потчинувањето на македонската држава, истакнува тој, императорот Василиј II „не сакал да менува ништо од обичајот на овој народ (македонскиот-б.м)[254], туку наредил на своите старешини да се покоруваат и да живеат по своите обичаи, како што и било и во времето на Самуил кога тој бил нивни водач. Овој народ не поднесувајќи ја алчноста на Орфанотроф веќе се бунтувал и порано, кога го прогласил за свој цар Делјан“[255].

По прогласувањето на Петар Делјан за цар од страна на востаниците во белградско-моравските краишта, каде што 1040 година бил дочекан по неговото враќање од Унгарија[256], тој се спуштил длабоко во Македонија и за кратко време успеал да ослободи голем дел од нејзината територија. Од Македонија востанието брзо се проширило и во другите соседни земји, потчинети на Византија (Србија, Бугарија, Албанија, зафаќајќи дури и грчки земји)[257].

Градот Штип со својата поширока околина уште во 1040 година бил зафатени од востанието. Во прилог на тоа говорат вестите од еден апокрифен летопис, настанат најверојатно во средината на XI век[258], во кој неговиот автор, соопштува дека „царот, по име Гаган, а по потекло Оделен“ (**царь, именем Гага$^{N}$ а порекло моу Оделѣнь**) создал три града меѓу кои бил и г. Штип (**Штипь**)[259]. Инаку, авторото на летописот, како што се гледа и од самата содржана, бил доста близок на богомилските средини и доста добро го познавал богомилското учење[260]. Меѓу македонските востаници од Брегалничката област имало

---

[253] Гръцки извори, VI, стр. 304; Византијски извори, III, стр. 152.

[254] Поопстојно за создавањето на македонскиот народ, види: Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 77 и сл.

[255] Гръцки извори, VI, стр. 334; Византијски извори, III, стр. 178.

[256] Гръцки извори, VI, стр. 302; сп. и Документи, I, стр. 102—103 и бел. 465—467

[257] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 381—396; Историја на македонскиот народ, I, стр. 160 и сл.

[258] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 273—280; Д. Ангелов, Богомилството в България, стр. 360—361.

[259] Й. Иванв, Богомилски книги и легенди, стр. 287. Иванов со право овде уочува дека споменатиот Оделѣнь се однесува на Делјан (ὁ Δελιανός), Самуиловиот внук, којшто 1040 г. кренал востание против Византија и бил прогласен за цар (вид. бел. 2). Сп. за тоа и В. Н. Златарски, История, II, стр. 48, бел. 2; 77, бел. 1. За самите називи Делјан и Оделјан, поопстојно види: S. Antoljak, Petar Deljan ili Odeljan? — Прилози, I/1, изд. на МАНУ. Скопје 1970, стр. 43—53.

[260] Й. Иванов, Богомилски книги и легенди, стр. 280; Д. Ангелов, Богомилството, стр. 361 и сл.

голем број богомили и нивни симпатизери, од кои множина по ликвидирањето на востанието 1041 година со бегство се спасиле и избегале на Сицилија и други места[261].

Востанието на Петар Делјан, кое, инаку, придобило антифеудален и ослободителен каралтер., ја претставувало првата етапа од борбата на македонскиот и другите потчинети балкански народи против византиското господство[262].

По ликвидирањето на востанието на Петар Делјан и во Брегалничкта област Византија ја воспоставила и утврдила својата власт. Во затврдувањето на своите позиции во овој дел на Македонија, византиската централна власт ги ангажирала, освен своите воени сили и црквата, исто така и претставниците на домашната и туѓинската феудална аристократија. Удостојувајќи ги крупните феудалци со ред имунитетни права[263], истите биле задолжени, независно од тоа дали биле пронијари, да учествуваат со своите вооружени луѓе не само во утврдувањето на византиското господство, туку и во отстарнувањето на надворешната опасност, која во овој период во овие краишта на Македонија доаѓала од страна на Печенезите. Според вестите од Јован Скилица, во периодот од 1048—1054 г. заддунавските Печенези минувајќи ја р. Дунав страшно ги пустошеле и пљачкосувале балканските владенија на Византија. За североисточните краишта на Македонија особено биле опасни печенешките напади кон крајот на 1048 година, кога користејќи ја суровата зима ханот Тирах ја минал реката Дунав со стотици илјади свои соплеменици (мажи, жени, деца). Но уште истата година тие биле совладени од Византијците, на кои притоа им помогнала и епидемијата која ги зафатила печенешките логори. По претрпениот пораз, соопштува Јован Скилица, голем број заробени Печензи биле населени „низ полињата на Сердика, Ниш и Овче Поле“[264].

Населените печенешки колонисти на поширокото подрачје на Овче Поле бргу дошле во жестоки судири со месното македонско население. Извесна светлина за тоа фрлаат и вестите од житието на Гаврило Лесновски, од кои откако ќе се отфрли она што е легендарно, се доста ценети извори[265]. Од овие изворни податоци се дознава дека месниот кнез Михаил (Михаилъ кнѧзъ), кој располагал „со добро изградено владение во својата државa“ (Добрѣ оустрои́ваше вла́деніе и держа́ви и своеѧ́) бил нападнат од овде населениот печенешки водач Мавраган (Маврага́нъ), во житието обележен и како Мавран (Мавра́нъ). Притоа победа извојувал Мавраган, кој откако ја завладеал и „државата“ на кнезот Михаил (и҆ завладѣ и держа́ва е́гѡ) го протерал „во стран̑ѹ Ра́тковицѹ“. Во житието понатаму се вели дека

[261] Документи, I, стр. 103—104; сп. Д. Ангелов, Богомилството, стр. 364 и сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 395, бел. 37; 396.

[262] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 395—396.

[263] Г. Цанкова-Петрова, За аграрните отношения в средновекован България, стр. 77 и сл.; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 132 и сл.

[264] Гръцки извори, VI, стр. 315.

[265] В. Н. Златарски, История, II, стр. 92, бел. 2, 93—94; сп. и Й. Иванов, Северна Македония, стр. 107—108.

кнезот Михаил не се помирил со тоа, туку дека една нoќ, додека Мавраган уште спиел се доближил до неговите „дворци“ (въ палати Мавраганови) во Ратаица (Ратаицѣ) кај Злетово (оу Ѕлѣтово)[266] и со двајца војници-копјеносци се нафрлил врз него и го убил со копјето. Веднаш потоа кнезот Михаил ја кренал сета своја војска и ги нападнал и неговите дворци (палати єгѡ), ги изгорел (ѡгнемъ сожеже), а неговите пагански војници ги изгонил и истребил ѩко пшеница избранна ѿ терніе[267].

Судбината на населените печенешки колонисти во и околу Овчеполието била таква, што тие со тек на време се претопиле во чистата македонска словенска средина. Но и покрај тоа, траги од нивното постоење останале како во обичаите на населението од овие краишта, така и во самата топонимија. На пример, потврда за тоа се името Печенци, што го носи еден од врвовите во Кратовско[268]; името Печеници на високиот врв во атарот на с. Древено, Злетовско; името Мавраган на месноста во близина на Злетово, име секако во врска со печенешкиот водач Мавраган кој располагал со свои „дворци“ во овие краишта на Македонија, како и други сл. примери[269].

Нападите на заддунавските „варварски“ народи (Печенези, Узи и др.) на византиските владенија на Балканот продолжиле и во наредните години. Одделните македонски области особено биле погодени од пљачкашките напади на Узите, кои откако ја поминале реката Дунав 1064 г. продреле дури „до Солун и во самата Елада“ и сè што нашле на својот пат го опљачкале и уништиле[270]. По нивното протерување зад Дунав, голем број од заробените Узи Византија ги населила во Македонија, од кои некои се здобиле и со високи државни служби[271].

Брегалничката област најверојатно била засегната и од овие „варварски“ напади. Извесно насетување за тоа се чувствува и во житието на Прохор Пчински. Имено, од житието се дознава дека Прохор, чиишто родители Јован и Ана живееле во Овчеполието (Ѡвчополскиѧ), откако увидел дека ќе надојдат во Жеглиговскиот, т.е. Кумановскиот крај Варвари, диви луѓе, се преселил во една пештера кај Старо Нагоричино, на планината Козјак. Тука, над реката Пчиња, тој изградил посница во која и починал. Во посницата, која се наоѓала во една пештера, тој бил изненадно посетен од идниот византиски император Роман IV Диоген (1068—1071), кога тој, веројатно во својство на византиски управник во овие краишта, за време на еден лов (Диѡгенъ ловецъ

---

[266] Ратаица најверојатно се однесува на Ратавица која се наоѓа во околината на Злетово. Вид. А. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 195.

[267] Й. Иванов, Български страни из Македония, стр. 398—399; сп. В. Н. Златарски, История, II. стр. 92, бел. 2; 93—94; А. Апостолов, Злетовска област, Историски осврт. Во ин. Злетовска област. Скопје 1974 стр. 216, бел. 14.

[268] Й. Иванов, Северна Македония, стр. 41—43.

[269] А. Керамитчиев, Злетовска област, стр. 197 и 214, каде А. Апостолов наведува дека врват Печеници се наоѓал меѓу Злетовската област и кратовскиот крај; сп. и В. Н. Златарски, История, II, стр. 92, бел. 2.

[270] Византијски извори, III, стр. 175, 255; Документи, I, стр. 104—105.

[271] В. Н. Златарски, История, II, стр. 118—119.

беше) го видел „старецот". Откако Диоген бил благословен од пустињакот Прохор, тој му претскажал дека му е речено да отиде во Цариград и да стане цар (Диωгене, речено естъ да идешъ ꙋ Цариград и бꙋдеши црь).

По обистинувањето на претскажувањата на пустињакот Прохор, импараторот Роман IV Диоген одново го посетил Жеглиговскиот крај и во близина на пештерската посница го изградил манстирот св. Ѓорѓи во чест на веќе починатиот св. Прохор[27].

Зачестените „варварски" напади во одделните македонски области, како и зголемувањето на даночните обврски кон византиската држава, влијаеле во овој период положбата на македонскиот народ осетно да се влоши. Тоа пак било причина во самиот почеток на 70-те години на XI век македонскиот народ повторно да крене востание против тешкото византиско господство. Според известувањето од Продолжителот на Скилица, причината за кревање на востание во 1072 г. била истата како и онаа за востанието на Петар Делјан. Народот во Македонија, пишува тој, „и сега помислуваше на востание, бидејќи не можел да ја поднесува лакомоста на Никифор и она што тој го стори против сите, зашто императорот (Михаил VII Дука б.м.) не се грижеше за ништо и се занимаваше со несериозни и детски работи"[273].

Организатори на востанието биле „скопските првенци чијшто водач бил Ѓорѓи Војтех". Тие успеале да обезбедат и надворешна помош од страна на Дукља, чијшто тогашен владетел Михаило бил во крвни врски со Самуиловата царска династија[274]. Тој им испратил 300 борци на чело со војсководачот Петрило, а истовремено им го испратил и својот син Бодин, кого скопските првенци го дочекале кај Призднана (Призрен) и го прогласиле за цар, преименувајќи го притоа во Петар, во чест на Петар Делјан[275].

Брегалничката област веројатно била опфатена од востанието уште во самиот почеток. Според известувањето од Никифор Вриениј, „словенскиот народ" (τοῦ Σθλαβίνων ἔθνους) откако ја отфрлил „покорноста на Ромеите". за кратко време биле заземени Скопје, Ниш, Сирмиум и други места по Сава[276]. Тоа го соопштува и Продолжителот на Скилица, додавајќи притоа дека Скопје го управувал Ѓорѓи Војтех, а Петрило ги ослободил Охрид, Девол и други околни места во Македонија[277].

Востанието на Ѓорѓи Војтех покрај ослободителен придобило и антифеудален карактер. Тоа пак било причина голем дел од маке-

---

[272] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 401—404; сп. од истиот, Северена Македония, стр. 107—109; В. Н. Златарски, История, II, стр. 124, бел. 2—125 и сл.

[273] Документи, I, стр. 107.

[274] Латински извори за българската история, III. София 1965, стр. 174—175; Документи, I, стр. 107, бел, 500—501.

[275] Документи, I, стр. 107 и бел. 507.

[276] Византијски извори, III, стр. 237—238.

[277] Ibid., 179—185.

донската феудална аристократија да помине на византиска страна[278], што на оваа и' било олеснето да го спречи ширењето на востанието и во 1073 година крваво да го задуши.

По ликвидирањето на востанието на Ѓорѓи Војтех византиската власт одново била воспоставена низ Македонија. При наложувањето и затврдувањето на византиското господство особено лошо се однесување Алеманите и Франките, кои како наемници учествувале на страната на Византија. Според вестите од Продолжителот на Скилица, тогаш Алеманите и Франките ги разурнале и опљачкале и царските дворци во Преспа, како и храмот посветен на св. Ахил[279].

Иако „словенскиот народ" во Македонија одново бил ставен под „јаремот на Ромеите"[280]. Византија не успеала да воспостави поцврста власт во овој дел на Балканот. Кон крајот на 70-те години на XI век во одделните византиски владенија се појавиле и повеќе одметници од визнтиската централна власт, од кои најопасен бил Никифор Василаки. Во неговата многународносна војска зеле учество и голем број Македонци[281].

Во ликвидирањето на бунтот на Никифор Василаки околу 1079 година, истакнува Никифор Вриениј, најмногу се истакнал војсковдачот Алексиј Комнин (идниот византиски император). Тој, откако ја минал реката Струма, поминал „низ теснините меѓу Струмица и т.н. Црна Гора" (веројатно Скопска Црна Гора) и „пробивајќи се пристигнал во едно место на река, која мештаните ја викаат Вардар". Притоа Никифор Вриениј го нагласил и тоа, дека реката „Вардар тече од планините на Нова Мизија, и поминувајќи низ Скопје, протекува помеѓу Струмица и Штип (Στυπίου) пресекувајќи ги планините, и оттука (малку понатаму) напредувајќи постанува граница помеѓу областите на Верија и Солун, и поминувајќи помеѓу нив се влева во морето"[282].

Ова соопштение на современикот Никифор Вриениј, во кое се споменува и градот Штип, иако содржи доста измешани факти, сепак дава за право да се констатира дека од походот на Алексиј Комнин биле доста засегнати и струмичко-брегалничките краишта.

Во 1080 година Печенезите одново продреле во внатрешноста на Балканот, опустошувајќи ги притоа „населбите меѓу Ниш и Скопје"[283]. Најверојатно од овие печенешки напади не била изоставена ни Брегалничката област.

И во наредните години, кога во Византија на власт дошол Алексиј I Комнин (1081—1118), византиските владенија во Македонија биле постојано изложени на опасност од внатрешни и од надворешни непријатели. Теофилакт Охридски кој во тоа време постанал архиепископ

[278] Ibid., 182; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 129; од истиот, Византийское общество и государство, стр. 278; Историја на македонскиот народ, I, стр. 166 — 167.
[279] Византијски извори, III, стр. 185.
[280] Ibid., 186, 240.
[281] Ibid., 186. 242.
[282] Ibid., 243.
[283] Ibid., 243—244.

на Охридската архиепископија, во своите писма нагласено истакнува дека византиските позиции во оваа „варварска земја" се наоѓале пред „призрак на војна"[284]. За тоа му било поставено за задача од страна на централната власт да настојува преку црквата, т.е. „со помошта на некакви горни сили" да ги оттргне „Варварите", т.е. Македонците да тагуваат за своите „честити времиња" и да пеат некаква „борбена и победоносна песна"[285].

Во затврдувањето на византиската власт во брегалничко-струмичките краишта исто така биле ангажирани и струмичкиот и малешевскиот (τὸν Μαλεσόβης) епископи, на кои доста се потпирал архиепископот Теофилакт[286].

Истовремено со црквата во затврдувањето на византцската власт во Македонија дејствувала и световната власт. Од одделните теми во Македонија биле собирани селани во неограничен број за т.н. „тематски војски"[287], која пракса датирала уште од времето на Роман IV Диоген[288]. Овие тематски војски, покрај тоа што биле испраќани да се борат против надворешните непријатели, се користеле и за задушување на ослободителните движења на македонскиот народ.

Од крајот на XI век поради сè поголемото оптоварување на македонските данокоплаќачи со даночни обврски кон државата, а и засилувањето на феудалната експлоатација, дошло до осетно влошување на нивната положба. Тоа од своја страна довело до осетно изоструување на класната и ослободителната борба. Теофилакт Охридски кој и самиот бил крупен феудалец, бил принуден да се изјасни во своите писма, дека „државните службеници" се претвориле во пљачкачи, кои сметале дека „божјите закони и царските наредби се пајажина, за да се ловат муви, а од оси да се раскинуваат". Притоа Теофилакт отворено признал, дека сè што припаѓало „на христијанскиот народ" се пљачкосувало, поради што самиот изгубил „секаква надеж за спас", бидејќи немал „избавител и спасител"[289].

Живеејќи под такви тешки услови, Македонците ја користеле секоја згодна прилика за да се кренат и да го отстранат византиското господство. Таква згодна прилика им се укажала во почетокот на 80-те години на XI век, кога Норманите од Италија продреле во балканските владенија на Византија. Според вестите од „Алексиадата" на Ана Комнина, во лицето на Норманите охриѓаните, а секако и другите жители на Македонија, гледале свои ослободители од византиското господство. Затоа, кога норманските војски на Боемунд Тарентски 1083 година навлегле во Македонија тие доброволно поминале на нивна страна, овозможувајќи им со тоа полесно да ја отстранат византиската власт од повеќе

---

[284] Theophyl., col. 376, B; 517, C.
[285] Ibid., col. 308, B; 508, C.
[286] Ibid., col. 432, A.
[287] Ibid., col. 532, C—533, A.
[288] Ф. И. Успенский, История Византийской империи, III. Москва-Ленинград 1948, стр. 90.
[289] Theophyl., col. 405. A.

македонски градови и области. Ана Комнена истакнува дека Норманите ги освоиле Охрид, без тврдината, двата Пологa, Скопје, Пелагонија и голем број други македонски градови[290].

Дали за време на овие нормански завладувања, што се одвивале на територијата на Македонија во периодот од 1083 до 1085 г., биле освоени и градот Штип и неговата област, од расположливите извори не е можно со сигурност да се дознае. Фактот дека тогаш под норманска власт паднале Скопје и Пелагонија, донекаде дава можност да се заклучи: ако не паднала Брегалничката област под норманска власт таа сепак морала доста да биде погодена од овие нормански завладувања. Во таа смисла, извесна потврда се наоѓа во вестите од писмата на Теофилакт Охридски, со кои тој наведува дека на сите византиски претставници во Македонија за време на норманските завладувања им било „толку тешко", што се разочарале „за својот живот", бидејќи имало „однадвор борби, а однатре стравови"[291].

Тукуштo се повлекле Норманите од Македонија во 1085 година во северо-западните македонски области почнале да упаѓаат и војските на Дукља и Рашка. Според известувањето од Ана Комнина, кон крајот на 80-те и почетокот на 90-те години на XI век рашкиот владетел Вукан на неколку пати продрел и во Скопската област[292]. Од овие српски напади, кои лично ангажирајќи се ги отстранил Алексиј I Комнин, била засегната и Брегалничката област, и тоа од страна на византиските војски кои се движеле кон српската граница по „царскиот пат" што водел од Цариград преку Струмица и Штип за Скопје[293].

Брегалничката област, како и другите области на Македонија, биле погодени и од Првиот крстоносен поход, кога за време на своите премини низ Македонија 1096—1097 год. крстоносците ги пустошеле и пљачкосувале одделните градови и села[294].

Претворувањето на Македонија во арена на зачестени воени операции, од своја страна пак, влијаело уште повеќе да се влоши положбата на македонскиот народ. Тоа пак било причина и во овој период да се засили отпорот на македонскиот народ против византиското господство, испреплетувајќи се притоа сѐ повеќе со богомилското движење, на чие чело тогаш стоел попот Василиј. Ана Комнина соопштува дека во ова време „гласот за богомилите, се распострануваше насекаде, и злото со брзината на огнот опфати многу души"[295]. Таквите известувања од Ана Комнина се потврдуваат и од писмата на Теофилакт Охридски, во кои, исто така, се наведува дека покрај Охридската област и во другите македонски области во времето на Алексиј I Комнин деј-

[290] Анна Комнина, Алексиада. Вступительная статя, перевод, коментарий Я. Н. Любарского. Москва 1965, стр. 165; сп. и Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 319 и сл.

[291] Theophyl., col. 388, B—C.

[292] Анна Комнина, Алексиада, стр. 251—253; Византијски извори, III, стр. 384—388 и сл.; сп. и Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 335 и сл.

[293] Гръцки извори, VII, стр. 91—92.

[294] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 337 и сл.

[295] Анна Комнина, Алексиада, стр. 419.

стзувале „мнозина“ еретици-богомили[296]. Тогаш од богомилското движење секако била доста зафатена и Брегалничката област зашто, како што се дознава и од современите латински извори, во соседната Пелагонија постоеле цели утврдени населби, исполнети со еретици-богомили[297].

Кон крајот на XI век во Западна Македонија широки размери земало ослободителното движење, во што значајна улога повторно имал Константин Бодин, кој бил владетел на Дукља. Меѓутоа, Византија не допуштила движењето да се прошири и во другите области на Македонија и да се претвори во масовно народно-ослободително востание[298].

Во текот на XII век Византија немала сигурна власт во одделните македонски области. Уште во самиот почеток на овој век императорот Алексиј I Комнин повторно бил принуден лично да се нагажира во средувањето на византиските позиции во Македонија. Притоа тој посебно внимание обрнал на северозападните македонски области кои биле изложени на нормански и српски завладувања. Ана Комнина соопштува дека Алексиј I Комнин 1106 година заминал од Солун за Струмица со цел да подготви нови сили во борбата против рашкиот владетел Вукан. И навистина, откако тој испратил против него „доволно сили“, бил смирен и натеран да ги прифати „условите за мир“[299].

Во текот 1107—1108 г. Алексиј I Комнин, исто така бил принуден лично да се анагажира за спречување на норманските завладувања. Во пролетта 1108 год. тој заминал преку Пелагонија за Девол, каде што по разбивањето на војските на Боемунд Тарентски бил склучен договор за мир.[300]

Првиот крстоносен поход, како и норманските завладувачки походи кон крајот на XI и почетокот на XII век, несомнено придонеле да се влоши уште повеќе положбата на сето население на Македонија. Од друга страна, пак, тие имале силно влијание и врз развојот на стоковно-паричните односи во Македонија, што од своја страна водело кон развој на македонските градови, занаетчиството, трговијата (внатрешна и надворешна), а посебно земјоделството и сточарството.[301]

Од крајот на XI век, кога Византија широко ги отворила вратите и на македонските градови за венецијанските и другите италијански

---

[296] Theophyl., col. 444, C—D—445, ;сп. Ф. Успенский, Образование втораго болгарского царства, стр. 33—34; Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 350.

[297] Документи, I, стр. 109—110; сп. С. Антољак, Преспански Асамати — „утврден град на еретиците“ кај езерото во Пелагонија од Првата крстоносна војна (1096). — Гласник на Институтот за национална историја, XVIII/1 (1974), стр. 109—117.

[298] Документи, I, стр. 108—109; сп. и Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 327 и сл.

[299] Анна Комнина, Алексиада, стр. 328 и 589; Византијски извори, III, стр. 390.

[300] Анна Комнина, Аклесиада, стр. 348, 599.

[301] Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 150—163; С. Лишев, Българският средновековен град, стр,. 42 и сл.

трговци[302], едновремено со забрзаниот растеж на крупниот феудален земјопосед и во Брегалничката област забрзано почнале да се развиваат одделните градски населби. Од средината на XII век за обемните и ефтини земјоделско-сточарски производи што ги поседувале градовите од овој македонски крај посебно се заинтересирал и норманскиот кал Рожер II (1130—1154), т.е. „кралот на Сицилија, Италија, Ломбардија и Калабрија". Преку географот Идриси кого што го прибрал на својот двор во Палермо, тој настојувал да дознае со какви богатства располагаат одделните балкански градови, кои патишта ги поврзувале и сл. Од „Географијата" на Идриси што ја напишал врз база на собрани податоци од очевидци-трговци и др., се дознава дека Норманите биле заинтересирани за ефтините житни, градинарски и други производи од Брегалничкиот крај, а посебно од градовите Мороздвизд, Малешево и другите околни градови[303].

Западноевропските трговци најмногу изнесувале од Македонија: кожи, добиток, житни култури, млечни продукти, восок, мед, лен, волна, а внесувале главно луксузни стоки: штофови и платна, т.н. драпи, пани, фустани, разни накити и украси од злато, сребро, црковни предмети и сл[304]. Овие италијански луксузни стоки главно ги апсорбирале преставниците на феудалната аристократија, кои според известувањето од Теофилакт Охридски носеле, за разлика од обичните луѓе, „попристојни" алишта[305].

Во текот на XII век во поширокото подрачје околу реката Брегалница живееле поголем број крупни феудалци кои своите вишоци од земјоделско-сточарски производи ги разменувале за луксузните италијански производи, а исто така продавале и за пари[306]. Како резултат на тоа одделни феудалци (световни и црковни) натрупале големи количини златни монети. На пример, манастирот на Јоаким Осоговски во XII век располагал со доста златни монети. Дел од овие златни монети украл еден од клисарите на манастирот. Според вестите од житието на Јоаким Осоговски тој сокрил цело „грне исполнето со злато" (скоудельникъ испльнъ злата)[307]. Богатствата на овој манастир нараснале и преку доставување на богати податоци од месните жители, а посебно од околните световни феудалци. Од житието на Јоаким Осоговски се дознава дека во времето на Мануил Комнин (1143—1180) манастирот на Јоаким Осоговски бил удостоен од еден од сопствениците на имотот

---

302 Н. П. Соколов, Образование венецианской империи. Саратов 1963, стр. 284 и сл.; С. Лишев, Българският средновековен град. стр. 54 и сл.

303 Б. Недков, България и съседните ѝ земи през XII век според Идриси стр. 41; сп. С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 54 сл.

304 Ив. Сакъзов, Търговията в Македония през VII—XIV векове. — Македония, I/7. София 1922, стр. 19.

305 Theophyl., col. 456, C.

306 С. Лишев, Българският средновековен град, стр. 42.

307 Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 415; сп. и С. Лишев, За стоковото производство...., стр. 69.

на кој се наоѓал манастирот со 50 овци и два вола[308]. Во овој период крупниот земјопосед во Овчеполието толку многу нараснал, што одделните феудалци по своите феудални стопанства се чувствувале како вистински господари.[309] Тоа пак говори дека од средината на XII век и во брегалничките краишта се засилил феудалниот сепаратизам. Откргнувајќи се сè повеќе и повеќе од византиската централна власт, крупните феудалци од овие македонски краишта настојувале во рамките на своите земји (велмоужїи. . . ѡбладахоу землєю тою) да се осамостојуваат[310]. Притоа оделе кон тоа освен со селата да загосподаруваат и со околните градови, што од своја страна водело кон создавање на известна градска самоуправа врз аристократска, феудална основа.[311]

Кон крајот на XII век феудалниот сепаратизам во Македонија зел такви широки размери, што одделни феудалци се претвориле во независни феудални владетели во пошироки области, создавајќи свои независни кнежевства. Во 80—те години на XII век такво „независно кнежевство“ во соседство на градот Штип создал и Добромир Хриз, чиешто средиште се наоѓало во Струмица и Просек[312]. Дали во рамките на Хризовото независно феудално кнежевство била приклучена и Брегалничката област, како што бил случајот со Пелагонија[313], од расположливите изворни податоци не е можно со сигурност да се утврди. Можно е делови од Брегалничката област, соседни со Струмица и Просек, да биле ставени под власта на овој македонски феудален владетел, односно приклучени кон неговото кнежевство[314], бидејќи, како што известува Никита Хонијат, неговите „ненадејни грабачки походи“ допирале дури до Серската област[315].

[308] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 415; сп. и С. Лишев, За стоковото производство. . ., стр. 66; Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България, стр. 48.

[309] Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношения. . ., стр. 48.

[310] Й. Иванов, Български старини из Македония стр. 413; сп. Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения. . ., стр. 48.

[311] Д. Ангелов, История на Византия, II, стр. 195—196; Б. Панов, Городское самоуправление в Охриде во времея Алексея I Комнина. — XV^e Congrès interen. d'études byzantines. Resumés des communications. Atnènes 1976; Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство, стр. 124 и сл.; С. Лишев, Некоторые вопросы феодальных отношений в Болгарии, стр. 42.

[312] Документи, I, стр. 114—116; сп. Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 270 и сл.

[313] Документи, I, стр. 117.

[314] Вид.: Т. Томоски, Средовековни градови во Македонија, стр. 279.

[315] Документи. I, стр. 114; сп. и Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија, стр. 274.

**Branko Panov**

# SHTIP AND THE BREGALNITSA DISTRICT IN THE MIDDLE CENTURY

## (6th — end of 12th century)


S u m m a r y

On the base of the data we have at our disposal (written, material, etc.) attempts have been made in this article for more cemplete and with arguments to depict the history of Shtip and its wider district, between 6th and the end of 12th century. At the beginning the author has given a survey over the ethnic and socio-economic changes in the Bregalnitsa district during the first centuries after the Slav colonisation. Then, there is a description of the existance of the Strumitsa sclavinia which the Bregalnitsa district belonged to. The military campaigns of Bysantium against this Macedonian sclavinia have been shown by a number of proves in 6th, 7th and the fist part of 9th century. The Bulgarian campaigns in this part of Macedonia in the 9th century have been also underlined. This article also throws light over the problems regarding the activity of the Salonica Brothers Cyril and Methodius in the „Slav Principality" whose centre were the regions of Bregalnitsa and Strumitsa, as well as to the problem about the place and time of establishment of the Slav alphabete.

Further on, the author describes the numerous problems concerning the Bregalnitsa bishopric, the establishment of the feudal relations in this district, the class struggle, the appearance of Bogomilism, as well as the structure of the Bregalnitsa district within the framework of the Macedonian state.

The history of Shtip and its district has been followed by a special attention during the Byzantium period of Macedonia (11 — 12th c.). More questions concerning the military, administrative and church organisation, the political circumstances, the growth of the holyness of the feudal landowenship, class and liberation struggle of the people of this district have also been pointed out.